СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Единаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 октомври 1993 година

Скопје, октомври 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА 11-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 66-тата СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 6.Х.1993г.**

1. АНДОВ СТОЈАН - 3, 7, 75 (заклучок - интерпелација Фрчковски)
2. АЛИУ ХАМИД - 23
3. АБДИ ФАИК - 25
4. АРСОВ ДРАГИ - 51
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 63
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 2
7. ЗИБЕРИ НАСЕР - 2
8. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 12, 17
9. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 24
10. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 37, 39, 42
11. ПОПОВСКИ НИКОЛЧЕ - 33
12. ПРЕВАЛА ШАБАН - 4
13. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 30, 32
14. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 6, 8
15. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 43, 47
16. СПИРОВСКИ АЦО - 67
17. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 54
18. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 59, 61
19. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 19, 23, 41 , 42

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Единаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 октомври 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, сите пратеници да влезат во салата и да си ги заземат местата.

Стручните служби да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Почнуваме со работа.

Пратеникот Симон Наумовски, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Да ве потсетам дека на продолжението на Шеесет и шестата седница на Собранието, одржана на 5 септември 1993 година, Собранието привремено го одложи претресот по пакетот изборни закони, за во меѓувреме да се извршат потребните усогласувања по овие закони. Врз основа на извршените консултации со потпретседателите на Собранието и координаторите на пратеничките групи на почетокот на оваа седница, а со оглед на тоа што од усвојувањето на предлогот за донесување на пакетот изборни закони поминаа повеќе од два месеци и што во меѓувреме по текстот на предлозите на; овие закони се поднесени голем број на амандмани, предлагам на предлогот на закон за изменување и отповикување на пратеници и одборници, предлогот на

закон за избор на претседател на Република Македонија, Предлогот на закон за политичките партии, предлогот на закон за изменување на законот за избирачките списоци и предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Собранието да одлучува во редовна постапка на една од наредните седници.

Го молам претставникот на Владата и пратеникот Кирил Ковачевски, како и еден од подносителите на предлогот на законот за изборните единици да се произнесат дали се усогласуваат со овој предлог. Има збор претставникот на Владата, господинот Туше Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата се согласува со поднесениот заклучок и остава на Собранието мериторно да одлучи во која постапка ќе... оди законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, се согласувам законот за избирачки списоци да влезе во редовна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Насер Зибери

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И јас во името на предлагачите на законот се согласувам законите така да одат во редовна постапка, со тоа што мислиме дека не треба идните закони кои ќе се предлагаат во редовна постапка да бидат измени и дополнувања на законите туку да се најдат нови закони, како

што е законот за политичките партии, законот за избор за претседател на Републиката итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со оглед на тоа што со прифаќањето на овој предлог од страна на овластените предлагачи повеќе не постојат процедурални услови, разгледување на означените предлог-законот на оваа седница предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Имајќи предвид дека предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, предлогот за донесување на закон за избор на претседател на Република Македонија, Предлогот за донесување на закон за политичките партии, Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за избирачките списоци, Предлогот на донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за изборните единици и избор на пратениците во Социјалистичка Република Македонија се веќе усвоени, овластени се предлагачи да изготват и на Собранието да му поднесат предлози на овие закони, при што ќе ги имаат предвид мислењата и предлозите за изменување или дополнување на текстот на овие закони и решенијата по амандманите поднесени во досегашниот текст на постапката и во извештаите на работните тела.

2. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и поднесените амандмани, како и стенографските белешки од расправата во сегашниот тек на расправата да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

Молам, господин Превала бара процедурално да зборува.

I/4.-

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, всушност јас излегов да предложам мала модификација на заклучокот што го предлага претседателот. Ако ми дозволите јас тоа да го изнесам. Навистина околу изборните закони се разви широка расправа и во врска со нив се дадоа многу корисни предлози и сугестии. Затоа се согласувам дека денес во врска со сите нив треба да ја заклучиме расправата.

Заклучокот што го изнесе претседателот на Собранието претставува едно решение во врска со решавањето на проблемот на донесување на изборните закони. Меѓутоа, во име на пратеничката група на ПДП која што расправаше и изврши консултации меѓу членството околу ова што денеска треба да биде на дневен ред, предлагам заклучокот што го изнесе претседателот Андов да се модифицира односно измени и дополни во смисла на тоа Владата односно предлагачите да се задолжат да изготват не предлози за измени и дополнувања, туку целосно предлог-закони1и тоа закон за избор и отповикување на пратеници - одборници, закон за изборните единици и закон за избирачки списоци. Тие заедно со Предлогот на закон за- избор; на претседател на Републичка Македонија и предлогот на законот за политичките партии да се предлагаат за разгледување и донесување за некои од наредните седници на Собранието. Ова се предлага бидејќи,поради познатите причини отпадна варијантата да се оди на предвремени избори и поради долгото време што ни стои на располагање до редовните избори. Впрочем,.ова се наметнува и поради фактот што постојните закони колку да се приспособуваат во измени и дополнувања, сепак претставуваат наследство, односно наследени закони од еден систем што замина. Впрочем, ние веќе долго време делуваме по плуралистички и подемократски услови. Според тоа ред е да се искористат новосоздадените услови и затоа да се изготват целосни

закони. Во таа смисла предлагам да се прифатат овие измени односно ова дополнување, односно оваа модификација врз заклучокот што се предлага.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, има две можности, да го усвоиме заклучокот каков што е. Тој се потпира и на насловите и на овие текстови кои ги имаме веќе во постапка. Таков е заклучокот. Но, предлагачите не се спречени да постапат како што господин Превала предлага. А од друга страна предлагам ова што и господинот Превала го предложи да не оди на изјаснување посебно дополнување на заклучокот туку како прилог да се даде на Владата да се има предвид и тоа и на другите предлагачи.

Дали се согласуваме господине Превала? (Согласен е)

Тогаш предлагам да минеме на гласање.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

87 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (5 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници(

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на уште една точка за која е почната расправа, тоа е точка 22. Значи, продолжуваме по претресот за:

Информацијата за настаните и состојбите во РЕК "Битола" предизвикани од штрајкот и хаваријата.

Молам, кој бара збор?

Овде беа пријавени господинот Гроздановски, господин Ешреф Алиу, и господин Гештаковски. Господинот Гроздановски ме извести дека ја повлекува својата. пријава за учество во расправата господинот Гештаковски, исто така;

Господинот Ешреф, дали останува барањето да зборува или го повлекува своето пријавување? (Го повлекува)

Според тоа нема понатаму, бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата за стопанство го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

78 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (6 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Во склад со дописот што ви го упатив, предлагам сега да ја завршиме точката за Законот за судовите од 51-та седница, бидејќи имаме 87 присутни. Веќе сте известени дека во текот на 67-та седницана Собранието ако тоа го овозможи присуството на пратениците, Собранието ќе продолжи со работа по преостанатите точки од 51-та седница. Со оглед на тоа што- во салата присуствуваат денес повеќе од 80 пратеници, привремено ја прекинувам 6б-та седница и продолжуваме со работа по 51-та седница.

Ве известувам дека Собранието го заклучи претресот по текстот на Предлогот на законот за судовите на 22 декември 1992 година и сега останува Собранието да го изврши само гласањето.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Господин Томислав Стефковски бара нешто.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници навистина она што пред малку се изгласа беше да кажам своевиден договор како ќе тече 66-та седница. Јас не станав координатор на Пратеничката група на

ВМРО-ДПМНЕ да кажам некои зборови зошто и како дојде, што значи тоа што законите ќе одат во редовна постапка и што значеше излегувањето на говорницата на претставникот на Владата по тие пакет изборни закони. Меѓутоа, во тоа договарање апсолутно не стана збор дека ќе оди 66-тата седница по некаков ваков редослед.

Едноставно беше договорот после усвојувањето на Извештајот на Комисијата за стопанство, а Информацијата за РЕК Битола, да се мине на интерпелациите поднесени од нашата пратеничка група. Ова што сега претседателот на Собранието без знаење лично на мене се обидува да го внесе, ми дава за право доколку не се почитува она што е договорено како ќе тече 66-та седница, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да излезе од салата за да можете да се договорите и да работите како што не сме се договориле односно без знаење на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Доколку претседателот на Собранието смета дека во случајот имаме едно местење би рекол на пратеничката група нека продолжи да работи со прекин и нека оди на изборниот закон. Таков препад ние нема да дозволиме. Оттука, барам пауза за половина час.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сум должен да објаснам веднаш после господинот Стефков ски за да има предвид на паузата што ќе се расправа. Ова, се разбира не е договорено. За ова да биде договорено, кога би било договорено тоа би бил законот донесен' досега. Ова не е договорено, но јас се потпиран на дописот што ви го испратив на сите пратеници во моментот кога ќе има повеќе од 80 пратеници, тогаш ќе го. ставам. Тогаш кој како ќе сака нека гласа. Може секоја група да каже дека тоа не го прифаќа. Тоа може.. Сега давам пауза од половина час па да се видиме и договориме за тоа.

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам Службите да го утврдат точниот број на пратениците.

Известен сум дека имаме кворум за работа и молам да продолжиме со работа

Предлагам да продолжиме со работа по 66-та седница, поради тоа што немаме од 80 пратеници присутни за да можеме да продолжиме со работа по 51-та седница.

Минуваме на точка 18 - Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, д-р Љубомир Фрчковски.

Интерпелацијата ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, еден од подносителите да ја образложи интерпелацијата

Има збор господин Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, интерпелацијата за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, господин Љубомир Фрчковски е поднесена на 12 мај 1993 година. И во овој случај не е почитуван Деловникот за постапување во случаи кога се поднесува интерпелација за работа на лицата кои подлежат на интерпелација.

Бидејќи измина толку време, сакам само да се потсетиме - поради кои причини беше поднесена интерпелацијата.

Согласно членот 92 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 143, 144 од Законот за органите на управата, министерот е одговорен пред Собранието за својата работа, за работата на органот со

кој раководи,како и за севкупните состојби во органот, како и во случај кога не се придржува кон насоките на Собранието, како и по начелните ставови и насоки на Владата и необезбедување спроведување на законите и другите прописи.

Министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Фрчковски сноси лична и конкретна одговорност што за време на неговиот мандат од 1 јануари 1992 година до денес МВР на Република Македонија исклучиво по негова вина во повеќе наврати постапуваше спротивно на Уставот и законите на Република Македонија и ги пречекори своите уставни и законски надлежности. Ваквите постапувања на Министерството имаа за последица грубо и флагантно кршење на основните уставни права и слободи на граѓаните, често пати проследени и со примена на други брутални и репресивни мерки спрема граѓаните, со што најдиректно се загрозуваат демократските процеси и нарушен е меѓународниот углед на Република Македонија.

На 56-та седница на Собранието на Република Македонија на која се расправаше за повеќе ,афери сврзани, со работата на МВР дефинитивно и конкретно е потврдено дека МВР постапувало спротивно на Уставот и законите и ги пречекорило законските овластувања. Имено, согласно извештајот и заклучоците на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност кои се конечни и фактот што Собранието на Република Македонија не ги прифати информацијата на Владата за трите афери кои беа предмет на разгледување на Комисијата,. непобитно е утврдено дека МВР односно СДБ не ги преземала потребните законски мерки спрема извршителите на противзаконската активност направена со растурање на летоците на бугарски јазик за време на повеќепартиските избори во ноември 1980 година иако имале и докази и согласно законските овластувања биле должни да преземат законски мерки спрема нив.

II/3.-

Министерството за внатрешни работи, односно Службата за државна безбедност ги пречекориле законските овластувања и го прекршиле Уставот што преку нејзиниот висок функционер Добривоје Величковски и помошникот на КОС Драган Стојмановски активно учествувале во формирањето на паравоената терористичка организација во ресторанот "Сина Птица" во Кочани на 16 април 1992 година.

МВР, односно СДБ спротивно на Уставот и Законот за внатрешни работи. вршело неовластено прислушкување на службениот телефон на ВМРО-ДПМНЕ, што претставува група повреда на со Уставот загарантираните права и слободи на граѓаните. За сите овие случаи на пост пување на МВР, министерот Љубомир Фрчковски сноси објективна и субјективна одговорност.

Со неусвојувањето на информацијата, на Владата и МВР за настаните кои се случија во населбата "Горче Петров" при изградбата на кампот за бегалци, на истата Седница, исто така Собранието непобитно утврди дека МВР повторно ги пречекорило своите уставни и законски овластувања по директна вина на министерот, при што надлежните граѓани беа изложени на груба полициска репресија. .

Донесената одлука за Уставниот суд на Република Македонија со која Одлуката на Владата, односно Министерството за градежништво, сообраќај, урбанизам и екологија е прогласена противуставна, фактички значи дека и самото присуство на полицијата и пружената асистенција за заштита на еден бесправно граден објект било спротивно на Уставот и на законите. Кон ова треба да се додадат и крајно неодговорните изјави на министерот Фрчковски во средствата за јавно информирање низ кои без ниту еден аргумент тешко го навреди македонскиот народ и нашите браќа по потекло од Беломорската Македонија.

II/4.-

Со неусвојувањето на информацијата на Владата, односно МВР од страна на Собранието за настаните кои се случија на "Бит Пазар"; повторно е доведено во прашање легалитетот и начинот на постапување на МВР и во овие настани. Всушност неприфаќањето на сите овие информации од Собранието на Република Македонија, кои во име на МВР ги поднесе Владата на Република Македонија, фактички значи дека на министерот Љубомир Фрчковски на индиректен начин веќе му е изгласана недоверба, а на одреден начин и на самата Влада.

Покрај ова МВР под раководство на господинот Љубомир Фрчковски, во својата програмска ориентација се легализира како реставрирана политичка полиција на само една партија - Социјалдемократскиот сојуз, што е најочигледно и со кадровската политика кој се води во овој орган, како и неодмерено репресивен орган во повеќе случаи на неосновање притворање на граѓани, нивно физичко малтретирање во полицијата, поднесување на неосновани кривични пријави и слично и како орган чија трансформација и демократска инкорпорираност во македонското општество се одвива на начин и со такво темпо кое не гарантира дека овој витален орган ќе може активно да ја остварува својата функција во заштитата на уставниот поредок, правата и слободите на граѓаните во Република Македонија.

Од тие причини група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ цени дека се исполнети сите услови Собранието на Република Македонија да му изгласа недоверба на министерот за внатрешни работи, д-р Љубомир Фрчковски Интерпелацијата е поднесена од 11 пратеници на ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор;

Има, збор господинот Борис Змејковски.

II/5.-

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, веќе две години полицијата, односно МВР се дежурна тема на расправа во Собранието на Република Македонија. Не може да помине повеќе од месец дена а МВР под непосредно раководство на господинот Љубомир Данило Фрчковски да не се вплетка во некоја сериозна политичка афера со која најдиректно се загрозуваат човековите права и слободи. Се крши Уставот и законите, се руши демократијата и правната држава, од Македонија се прави темен вилает. Со мирис на класична диктатура би ни требало многу простор и време да ги наброиме сите гревови на миленикот на господинот Глигоров, господинот Фрчковски како министер за внатрешни работи.

Ова Собрание веќе расправаше за добар дел од нив Поминаа извештаите за настаните во Куклиш, Радовиш и во Скопје. Го добивме извештајот на Комисијата за контрола над работата на СДБ за трите големи полициски афери: растурањето на бугарските летоци за време на првите повеќепартиски избори од страна на СДБ имаше дадено информација. Формирањето на параполициски терористички банди со учество на СДБ од МВ, прислушување на политичката партија на ВМРО-ДПМНЕ, настаните во "Горче Петров" итн. Допрва ќе се расправа и за настаните во Дебар, "Бит Пазар", за криминалот и корупцијата во полицијата итн. Им станавме веќе здодевни и на граѓаните постојано да расправаме за глупостите и злоупотребите на еден министер на Владата, а во исто време нему да не му фали ниту влакно од главата, туку натаму да си <ја врши својата функција, на општо незадоволство и на граѓаните и на политичките партии и на Собранието и на самата полиција во МВР.

Просто  несфатливо и спротивно на сите морални и правни норми две години да се расправаме со еден ваков министер, одговорен за еден од најважните ресори на Македонија, органот за внатрешни работи.

II/6.-

За што е одговорен министерот Фрчковски?

Дозволете ми накратко да изнесам само еден мал дел од неговиот богат репертоар на злоупотреби, репресии и глупости.

Министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Фрчковски е директно одговорен што за времето на неговиот мандат од јануари 1992 година до сега МВР во повеќе наврати грубо ги пречекори своите уставни и законски надлежности. Ваквото пречекорување на овластувањата на Министерството беа проследени со примена на брутални репресии и мерки спрема граѓаните, или претставуваат флагрантно кршење на основните права и слободи на граѓаните загарантирани со Уставот на Република Македонија. Истовремено со таквото постапување на Министерството со спротивни демократски процеси е нарушен угледот на Република Македонија пред меѓународната јавност, како и на демократијата и Македонија станува с€ по полициска држава. Министерот Фрчковски е директно одговорен за следното:

1. Примената на груби репресивни мерки спрема граѓаните во Куклиш, Радовиш, Радолиште и други, места. Доказ извештајот на работната група на Собранието на Република Македонија за овие настани и стенографски белешки од 54-та седница на Собранието.

2. Примена на исти такви противзаконски репресии спрема граѓаните од населбата "Горче Петров" - Скопје на 20, 21 и 22 февруари 1993 година и противзаконско пружање на асистенција при спроведување на незаконската одлука на Владата за бесправна градба на камп за бегалци во оваа населба.

3. Не преземање на мерки за кривична одговорност на растурачите на летоци на бугарски јазик за време на првите повеќепартиски избори во Република Македонија, иако истото му било познато веднаш по неговото доаѓање на сегашната функција, како и против оние раководители во МВР кои се обиделе да уништат дел од

II/7.-

документацијата. Доказ извештајот на Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност, стенографски белешки од 21-та седница на Комисијата.

4. Пречекорување на законските овластувања на МВР во врска со аферата "Сина Птица";;и обид за создавање на параполициска терористичка банда. Доказ извештајот на Комисијата за СДБ од 21-та седница на Комисијата и другите документации за овој случај.

5. Противуставно и противзаконско прислушување на службените телефони на партијата на ВМРО-ДПМНЕ во таканаречената афера "ДУВЛО". Доказ извештајот на Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност, стенографски белешки од 21-та седница на Комиси- јата и друга документација за овој случај.

6. Нарушени состојби во МВР, што има крајно негативен одраз во остварување на функцијата на овој витален орган. Доказ повеќе претставки на вработени во органот, а пред се претставката на 20 раководни работници во СДБ и Службата за јавна безбедност, доставени до Собранието на Република Македонија.

7. Успорена и несоодветна трансформација на МВР и негово ставање во улога на партиска полиција. Доказ притоа и фаворизирање на највисоки раководни позиции, на експертски кадри таканаречени, на Социјалдемократскиот сојуз, повеќе случаеви во Скопје, Битола, Штип, Кочани,Делчево, Крушево и други места во Републиката.

8. Пројавени лични слабости во работењето, прием на блиски Л роднини и пријатели во Министерството. Најаклатантен пример е неговата сопруга Лида Фрчковска, неговиот братучед Славко Саздов, помошник на министерот и бројни други роднини. Прием на енормен број на работници во повеќе случаеви спротивно на законските прописи Толерирањето на криминалот од страна на раководни работници во МВР, учество на поедини во недозволиви активности, не одмерни и неодговорни изјави на печатот за политичките партии и јавни политички

личности во Републиката.

9. Отворено застапување на пројугословенската идеја и елиминирање на процесот на меѓународното признавање на Република Македонија преку намерно предизвикување на конфликтни ситуации токму пред секоја значајна седница на меѓународните фактори, органи и организации на кои се расправа за меѓународното признавање на македонската држава. Протерување на грчките новинари пред самиот Самит на Европската Заедница, во Единбург и Брисел. Конфликтна состојба во земјата: "Горче Петров" , "Бит Пазар", интервенцијата во Кучевиште и сл.

10. На 21.02.1993 година во вториот ТВ дневник на Македонската телевизија министерот Фрчковски без никаков повод, причина или аргументи на најгруб начин ги навреди националните чувства на македонскиот народ,препишувајќи му, без никаква основа шовинистичко и расистичко однесување, иако добро му беше познато дека основа за револтот на граѓаните е бесправната градба на кампот за бегалци во "Горче Петров". Споредбата на Македонците од Беломорска Македонија со бегалците од БиХ е длабока и тешка навреда на целиот македонски народ.

11. Голем број не расветлени убиства со политичка заднина, од кои ќе спомнам само некои: Убиството на Јордан- Мијалков, министер за внатрешни работи. Миле Илиевски, советник во МВР, прислушкуван од страна на господинот Фрчковски. Љупчо Анастасовски, член на Редакцијата на "Глас" на ВМРО-ДПМНЕ. Зоран Јакимовски, член на ВМРО-ДПМНЕ од Кратово. Спасе Атанасов, вработен во СДБ во Кочани и многу други.

Ако внимателно ги проанализираме сите овие случаи или афери ќе видиме дека сите тие имаат нешто заедничко. Сите тие се директно поврзани со името и делото на господинот Фрчковски како министер за внатрешни работи. Затоа ми се чини ќе беше поправедно или поцелисходно, наместо да расправаме на неколку седници поединечно

за секој од  тие случаеви Собранието да расправа само за еден случај, случајот на господинот Љубомир Фрчковски. Неговиот случај одамна ги изгуби карактеристиките на политички и добивни обележја за сериозен и опасен медицински случај, зошто невозможно е за така кратко време за неговата личност да бидат сврзани толку многу афери, скандали, репресии и полициски подметнувања, тортури, злоупотреби, криминал и што уште не.

Дами и господа пратеници, земајќи го во вид напред изнесеното, ценам дека Собранието на Република Македонија има морална и политичка обврска пред македонската јавност да даде конкретен одговор на неколку значајни прашања која е причината за ваквите постапувања на министерот Фрчковски. Дали се работи за нормални последици од фактот што на чело на МВР се наоѓа една репресивна личност со изгубено чувство и осет за реалност и демократија, или пак истата таа личност е само беден и послушен егзекутор на една туѓинска, антимакедонска политика што се спроведува до познати странски централи.

Според сето она што го направи досега во спомнатите случаи како и на оние кои уште. не« се предмет на расправа во Собранието, очигледно е дека се работи и за едното и за другото. Со тепањето на народот, безочитни дредновековни тортури и притворањето од страна на полицијата посебно од СДБ,. монтираните политички процеси итн., министерот Фрчковски од некогаш е претседател на Форумот за човековите права и смонаречен демократ се промовира во мизерна политичка карикатура на демократијата.

Што се однесува до вториот дел од прашањето за неговата јаничарска и слугинска улога на големосрпските интереси спрема Република Македонија, дозволете ми да ве потсетам само на неколку битни факти сврзани за овие и другите случаи.

III/1/РД/лј

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:** (Продолжение)

факт е дека неоправданата интервенција на полицијата во Куклиш, Радовиш, се случи токму во време кога Република Македонија се наоѓаше под окупација на т.н. Југословенска Народна Армија. Ако се знае дека основна стратешка цел на нејзината разузнувачка служба КОС беше да се предизвика хаос и дестабилизација на Република Македонија, тогаш основно се поставува прашањето, дали со ваквите антидемократски репресии не се настојуваше да се постигне токму тоа. Македонија да се дестабилизира да може таканаречената ЈНА да настапи како спасител што Македонија повторно ќе ја врати во границите на србославијето .

Она што се случуваше за време на неговиот мандат, јасно покажува дека господинот Фрчковски одлично се вклопил во големо српското сценарио спрема Република Македонија. Знаејќи ја осетливоста на меѓунационалните односи во Републиката Фрчковски со повеќе свои недемократски и агресивни постапки грубо и провидно ќе ги провоцира час македонците, час албанците. И едните против другите, обидувајќи се да предизвика отворен меѓунационален конфликт кој ќе го отвори патот за спасоносниот поход на т.н. ЈНА во тоа време. Така најпрво ќе бидат тепани македонците кој јавно ја манифестирале својата политичка определба кон националните партии во Куклиш, во Радовиш. Потоа следат интервенциите спрема албанците во Скопје, Радолиште и Бит Пазар. Во исто време во април 1992 година ќе започне монтираниот процес према членовите на ВМРО ДПМНЕ во Велес. Ќе присуствувавме на формирањето на паравоени терористички организации со активно учество на Службата за државна безбедност и МВР. Ќе продолжи прислушувањето на ВМРО ДПМНЕ, а со грубото и нехумано иселување на сопствените полицајци од становите на т.н. ЈНА, Фрчковски ќе предизвика сериозни конфликти во состојба на вооружени пресметки

меѓу противниците на МВР и ЈРМ. Што полошо во Македонија, толку подобро во србославија и за позицијата на господинот Фрчковски. Тоа беше и остана неговата основна девиза на владеење.

Во прилог на ова би го додал уште следното: Во сите овие случаеви и интервенција на полицијата клучната улога во иницирањето водењето и насочувањето на овие акции ја има Службата за државна безбедност, што апсолутно не спаѓа во доменот на нејзината работа. Меѓутоа, ако се знае дека токму оваа служба на раководни позиции се наоѓаат токму луѓе со просрпска ориентација кој го сочинуваат јадрото на српското лоби во МВР на чело со Фрчковски, тогаш станува јасно зошто ни се случува тоа што го гледаме. Етничкото чистење што Фрчковски го спроведе спрема оние кадри кои беа национално определени и доведувањето на кадри со пројугословенска, просрпска политичка ориентација, овозможи МВР наместо во орган за заштита се претвори во орган за дестабилизација на македонската држава.

Ќе наведам уште неколку примери. Непосредно пред самитот на Европската заедница во Единбург, по наредба на Фрчковски во Скопје се протерани група грчки новинари од Скопје, а истото е повторено пред состанокот на Советот за безбедност на обединетите нации. И на двата состаноци се расправаше за признавањето на Република Македонија. Во основа да процените и сами во чиј интерес беа ваквите недемократски дипломатски постапки на актуелниот министер. Но Фрчковски не се предава. Откако беше јавно демантиран за неговата перфидна политика истиот повторно наоѓаше решение. Со интервенцијата во селото Кучевиште на прозирен начин ќе се обиде да ја прикрие својата вистинска улога, демек ете за џабе ме обвинуваат за пројугословенска политика кога еве ги тепам србите. Но и ние не сме знаеме дека југословенското знаме со сликата на Шешел, Аркан и Милошевиќ беа

истакнати месец дена порано, на само десетина километри од неговиот кабинет, од канцелариите на МВР. Го знам и тоа дека интервенцијата на полицијата беше темпирана токму на полноќ на нова година кога во домот во селото се наоѓа неколку стотици младинци кој го прославуваа празникот. И нормално поголемиот дел од нив беа под дејство на алкохол. Само луд човек можеше да поверува дека токму таа вечер, иако месец дена стојат тие слики требеше да бидат симнати тие туѓи симболи кои беа истакнати цел месец и дека насобраните младинци нема да реагираат. Но тоа беше очигледно и целта на господинот Фрчковски, да се предизвика судир, конфликт, интервенција на полицијата и ете ти доказ за загрозеност на србите во Македонија како што се случуваше во другите бивши југословенски републики, а последиците од тоа сите знаеме што можеа да бидат во тоа време.

Господине Фрчковски твојата улога на југословенски тројански кош во Македонија заврши. Време е пред Македонската јавност да положиш сметка за твојата услуга како министер за внатрешни работи. За таа цел предлагам Собранието на Република Македонија да го при- фати следниот заклучок: Собранието на Република Македонија врз основа на член 148 став 3, а во врска со член 143, 144, 145 и 147 од Законот за органите на управата донесува одлука со која се разрешува со одговорност министерот на внатрешни работи Љубомир Фрчковски, заради присуство и против законите вршење на функцијата министер за внатрешни работи.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господин претседателе, почитувани пратеници. би било сосема демократски еден министер кој е заслужен за терори, малтретирање на лица да поднесе оставка. И сосема нормално би било еден.министер којЈ учествувал во антидемократски постапки во Републиката да биде одговорен за тие постапки. Ако тоа е точно дека полицајците во Скопје

III/4.-

убиле четири невини луѓе, од кои тројца зад грб и на местото каде што беше настанот, иако е точно дека министерот наредил да се убие една невина жена која беше во сопствениот дом, тогаш мене ми се чини дека ништо повеќе не ни треба, туку министерот сам да си оди. и тоа од грижа на совеста. Меѓутоа, јас овие проблеми не ги гледам така наивно и така прозирно, сакам да навлезам во суштината на нештата. Едно ми е јасно и тука сум сто посто убеден дека структурата на македонската полиција до доаѓањето на министерот има елементи на просрпрка ориентација дури и пробугарска ориентација. Не сакам јас да ги обвинам сите тие вработени чесни кои се во тоа министерство затоа што ги ценам, меѓутоа во истото министерство има и сигурно дека и голем е бројот на тие кои биле настроени и за Македонија таква каква што беше и таква каква што е сега. Јас се чувствував една голема демократска ориентација на еден претходник дискутант тука, само под услов ако тие беа негови искрени зборови за грижата на претепањето на албанците во бит пазар Скопје. И навистина чувствувам потреба да му честитам затоа што ги смогнал силите еднаш да излезе од неговата тесна кожа. Ние| длабоко жалиме за тие жртви во Бит пазар Скопје. И знаеме дека тие се жртви на македонската полиција било да се просрпски било да се пробугарски ориентирани сигурно ти што биле промакедонско ориентирани не ги убиле тие луѓе во тоа сум убеден. Меѓутоа дилемата моја е дали тој беше господинот Фрчковски или во Министерството за внатрешни работи има многу други Фрчковски антидемократи кои работат зад грб на Фрчковски или работат користејќи го неговото име. Секако еден министер кој не е способен да раководи со министерството тој не за служуба да биде на чело на тоа Министерство. Меѓутоа имајќи ги предвид околностите; дека истото министерство 50 години е градено врз антидемократски принципи се сомневам дека било кој друг министер па тоа да беше и тука во Република Македонија уште повеќе сум вознемирен од постапките на полицијата и од некои антидемократски

акти тука дури кои и со сета сила се бранат пред овој парламент а тоа е одбраната на појавите на расизам и ксенофобија во Македонија. Имено, чувствувам обврска да ви го пренесам тоа што се дискутира таму некаде во европски институции на демократијата затоа што овој парламент и ме прати таму. Чувствувам потреба да ви кажам дека Европскиот совет меѓу другото има донесено резолуција за земјите членки на Европскиот совет и земјите со специјален статус да се борат против појавите на ксенофобија, расизам во однос на сместувањето на бегалците на териториите на Бивша Југославија. Ако некои луѓе во Република Македонија биле на директен или индиректен начин потиснати да пројават појава на расизам иако меѓу нив биле и пратеници на некоја партија, која сака пред овој свет да се претстави како демократска партија со демократско лице, тогаш излишно е да зборуваме дека ако ги продолжиме ваквите трендови Македонија некој ден ќе стане членка на некоја Европска демократска институција Дури обврската ја има овој парламент и Владата и на целата демократска јавност,,во Македонија е да создадат максимални услови за сместување и грижа на бегалците, без оглед на нивната религиозна припадност. Тоа е обврска затоа што Македонија претендира да биде член на Европскиот совет. Кога луѓето во Европскиот совет би слушнале дека дури и пратеници од Собранието на Република Македонија организирале манифестации против тие избеглици, тоа навистина би било шок за Европската демократија.

Јас сето ова не сакајќи да го бранам министерот, затоа што сметам дека ако тука има сто по сто вина, дури тој има 80% вина затоа што е на чело на едно министерство кој ете применил сила према граѓаните на Република Македонија, без оглед на нивната национална припадност.

III6.-

Меѓутоа, да се повикаме на некои претстапки на 20 под наводници многу добри работници на министерството, од тие 20-мина за мое добро едниот го познавам и не верувам дека е тој така добар и свесен работник од министерството, затоа што свое времено пред група граѓани на еден рид на Шар планина им наредил на полицајците да пукаат врз албанците и да не им ја жал за куршумот. И дека истиот тој многу време бил на чело на една подрачна единица на истото министерство, бил и просрпски ориентиран. Сега овие кои се промакедонски ориентирани за жал на демократијата ги бранат тука луѓето кои сите ги знаеме дека биле просрпски ориентирани и дека ј биле ориентирани кон сите други кои живееле во Македонија, освен србите. Морална обверска е на министерот да каже пред јавноста која е правата вистина за формирање на паравоени формации во Република Македонија, затоа што иако ние немаме многу докази, знаеме дека извесно количество на оружје се нашло во рацете на една паравоена организација која била раководена од една политичка партија. Тоа не е тајна. Министерот тука треба да го каже тоа. Министерот треба тука да ни каже и причините зошто не презел тој мерки за документацијата на МВР која кога сакат луѓето се изнесува надвор од МВР и кога сакат истите луѓе се внесоа внатре во МВР. Министерот има долг пред целата јавност во Македонија. И дали во тој случај таа документација која се зема или се внесува во МВР, дали не се користи од некоја страна известувачка служба да кажеме конкретно тие луѓе ги знаеме што ги зеле тие документи и зошто јавниот обвинител не покренил обвинување против тие луѓе кои се користат со државни тајни. И дали државната тајна е државна тајна за една категорија на граѓани, а пак не е тајна за друга категорија на граѓани затоа што некоја политичка партија има свои луѓе во одредено министерство.

IV/1.- сп/јс

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:** (Продолжение)

Јас не би сакал повеќе време да губам тука, меѓутоа, сакам за моите дилеми министерот јавно да се произнесе со цел граѓаните во Република Македонија/ја знаат вистината. Длабоко сум уверен дека целото Министерство треба да има промени, а не само министерот. Дека во целото Министерство има рецидиви и од минатото и длабоко сум убеден дека и во истото Министерство има многу чесни луѓе и луѓе кои не работат за иднината на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство. За работата на Министерството за внатрешни работи, за методот и начинот за нас Албанците не е интересно, затоа што за последниве 50 години имаме имунитет и за нас не претставува некоја голема работа од- носно сме се навикнале некој да не прислушува, некој да не малтретира и со разно разни начини да бидеме малтретирани. Сите подрачни министерства овие аргументи ги имаат, меѓутоа, има два аршина. Друго е да бидеш Македонец друго е да бидеш Албанец. Исто така јас се залагам за правна држава, меѓутоа, таа правна држава по сите нормативни акти треба да биде подеднаква за сите граѓани. Ако некој сака да се увери во ова( аргумент е само еден ден да биде Албанец^па ќе се увери како е. Не сакам, исто така, да дискутирам колку сме присутни вработени во ова министерство, тоа господинот министер го знае, а спрема официјалната статистика се знае колку сме ние Албанците, а и ние знаеме колку сме на број.

IV/2.-

Исто така, не сакам да дискутирам за еден документ од ова министерство колку му е потребен на албанец, а колку му е потребен на друг граѓанин, меѓутоа, една работа во контекст на дискусијата на г-динот Халили ме зачудува. Жртвите од Бит Пазар, а исто така уште повеќе ме зачудуваат жртвите во тетовската општина и тоа четири жртви пред четири години до ден денеска не се знаат сторителите, а две во селото Шипковица. Уште е понелогично дека ова министерство порано знаеше кој ќе зборува против државата или некој ќе опцуе, а не се знаат сторителите кои убиле човек.

Кога ќе се јави граѓанин за вакви работи ќе се каже само еве истрагата е во тек и никако сторителите да се најдат. Факт е дека во ова министерство уште психозата е на УДБА. Уш- те е психозата дека мора најмалку десет илјади граѓани да се плашат од еден полицаец. Факт е дека има и чесни вработени во ова министерство, меѓутоа, за мене има само едно не само во ова министерство туку во било кое министерство има само добар и лош шеф, а работата на тие шефови е да ги расчистуваат сите проблеми и сите лошотии што ги има во соодветните министерства.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, јас излегов на говорницата индиректно и директно да протестирам затоа што од оваа говорница на парламентот се пласираат нови поими да по две три години осамостојување на оваа држава Парламентот служи на една група вработени дали се работи во сегментот на државната безбедност или било кој друг сегмент да се наречуваат и понатаму се злоупотребува говорницата со елементи тдака наречени пробугарски, просрпски,или пројугословенски. Мислам дека: вистинската ксенофобија се раѓа од оваа говорница. Мојот протест се

IV/3.-

однесува и на страна на дискутантот од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на страна од претходниот дискутант. Мислам дека вакви тези од оваа говорница во овој Парламент да се спомнуваат во однос на една интерпелација на еден министер дали се работи за Министерот за внатрешни работи или било кој министер тој е прво и прво министер на оваа Влада и министер на оваа држава на Република Македонија, а пласираше на ксенофобија тоа што некои пратеници до сега оваа говорница ја искористија можеби од незнаење или од знаење да направат раздор меѓу тие македонци, за мене се Македонци сите тие што работат во министерството, но како се чувствуваат, тоа е нивно индивидуално право. Сметам и уште еднаш да повторам дека нема место да фабрикуваме нови ксенофобии. Ксенофобиите не се тие од Босна што ние не ги сакаме, да се потсетиме од пред три четири месеци кога пратеникот г-динот Ханџиски кажа дека ксенофобијата се раѓа тука во нас со вакви настапи. Молам оваа говорница да не се користи, тоа го барам од пратениците, терминот бугарофил, така наречени просрпски, пробугарски или србамани. Мислам дека треба да внимавате на зборовите кои треба да ги изнесете во Парламентот.

(Со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор, господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувано претседателство, дами и гопсода пратеници. Слушајќи го воведното излагање за интерпелацијата на нашите министри г-динот Фрчковски и г-динот Пешев а и дискусиите од оваа говорница сакам со една мала дискусија да се вклучам во овие проблеми со полно право

кажувајќи го своето мислење со право на пратеник, со право на претставник на народот во овој Парламент.

Мислам, дека е добро што се зборува за неправилностите што поодделна партија или луѓе, граѓани, пратеници ја гледаат со свои човечки очи. Тоа зависи од критичниот момент кој/ја оценува ситуацијата и која ситуација ја гледа и која не ја гледа или едноставно да ја гледа.

Овде сакам да набележам една работа која е многу битна воопшто за целото население во Република Македонија дали на се што се случува овде гледаме со ист аршин и како тоа во својата подсвест го сфаќаме и доаѓаме овде на оваа говорница. Потполно се согласувам со г-динот Луловски што зборуваше за ксенофобијата па кажа нешто околу термините пробугарски, просрпски, меѓутоа исто така овде се изнесе дека постојат комунистички банди, но и тоа треба да се заборави. Едно време фашистите го употребуваа тоа против партизаните. Не смее тоа да се употребува. Немојте така - пред народот да зборуваме такви зборови. За кого го кажуваме тоа? Зошто се враќам назад? Тој термин е многу чувствителен и треба да внимаваме што правиме. Народот не слуша, не следи и сигурно дека овие реченици ќе*добијат свој призвук меѓу народот.

Организирањето на паравоени формации, тоа беше пред четири - пет месеци и сигурно критичниот момент не е денеска. Тогаш кога беше свежо расправавме, кажавме не донесовме заклучоци немаме соодветни одлуки и интересно прашање е, јас не познавам, ни еден Добривое Величковски и незнам кој друг скрои организираа паравоени формации и сега една интересна работа "Сина птица" дали открија тие нешто кај другите или другите открија кај претставниците на МВР. Тоа не е кажано, а. мислам дека има што да се каже во оваа сфера.

IV/5.-

Понатаму, ако се сеќавате на таа седница зборувавме за овие прашања и јас кажав дека многу се откривме, а змијата нозете не ги покажува, но ете кога човекот е откриен секој плука на него и изгледа сакаме понатаму така да постапиме.

Дали и министерот Фрчковски е виновен за настаните што се случија во тие три четири подрачја во Републикава и дали со ист аршин полицијата постапи. Кога беше случајот со Бит Пазар на полицијата беа упатени пофални зборови, но на другите места не беа пофални. Јас не можам да ја пофалам полицијата за Горче Петров Кога видов дека човек удира со нозе полицајци, а не се презема ништо си велам што би било кога некој друг би бил на местото "на тој што удира. Како тие би реагирале. Тоа значи можеби е тоа прилагодување кон цивилизацијата, кон демократијата и верувам дека нашето учество во активните работи на меѓународните институции да речеме во овој случај во обединетите нации, Европскиот совет во Европскиот Парламент, во ЌЕБС, сигурно ќ придонесе и самите да се измениме и да знаеме како треба да постапиме токму на секторот. на. правата на граѓаните,и како да се однесуваме према него. Овде целата вина се фрла на поединци. Да речеме нашиот млад г-дин министер од ресорот урбанизам виновен е заради тоа и тоа како да граѓаните на Горче Петров знаеле дека таму треба да бидат се висококатници, па се побунија. Не е тоа, туку нешто друго беше во прашање. Јас не го обвинувам министерот. Или г-динот Фрчковски јас само ќе наведам некои работи од овде да го нападнам г-динот Фрчковски министер за внатрешни работи за еден случај во Кичево. Деветмина мои симпатизери со секири цепеа дрва, па двајца. полицајци, па со секира по глава и незнам што, па зарем Фрчковски ја направил таа работа. Меѓутоа, Фрчковски и неговите помошници притекнаа на помош и ги спасија луѓето. Сега кој е виновен Фрчковски? Нема врска Фрчковски?

IV/6.-

Во населбата Бутел и Радишани некаде на средина група од 20 луѓе нападнаа двајца роми и падна голема тепачка. Потоа, беа земени овие браќа роми во полициската станица и беа убаво тепани. Фрчковски им рекол? Не, по ургенција на Фрчковски пратил луѓе специјалисти да ја испитаат ситуацијата и веројатно случајот ќе добие судски епилог и едната и другата страна. Или Шех Екрем од Шутка пред икс денови бил во МВР да земе лична карта и бил фотографиран со својата капа. Некој можеби заради мајтап се поиграл со него и му рекол да ја вади капата. Министерот му рекол така да направи? Ве молам, сигурно и овие работи се малку за разјаснување но овие работи не се мали сигурно задираат во ингеренциите на власта, меѓутоа да видиме кој е сега, дали е некој симпатизер на нешто, јас не сакам од овде да напаѓам ништо. Меѓутоа, сакам да кажам дека треба да се провериме себеси на која позиција стоиме и многу ми е жал што нашите колеги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и сега по икс време по нашето влегување во Обединетите нации и со специјален статус во ЌЕБС, во Европскиот совет и другите институции се уште стојат на такво стнаовиште на такво мислење дека нападот е најдобра одбрана или држете го крадецот, како што велат старите, верувам дека граѓаните ќе знаат добро да ги оценат. Со ова не сакам да правам некаква критика на партијата, меѓутоа, како граѓанин на Република Македонија мислам дека мора да се отрезниме еднаш токму од аспект на ист аршин на нашата одговорност према граѓаните односно нашата одговорност према Европа и светот за елементарните граѓански права и човековите права. Еве, кај нас се одржуваат разни конференции од денеска еве почнува конференција во Охрид, верувам дека сите знаете мешѓутоа, да кажам за ова дека во Република Македонија има прокомунистички банди, пробугарски, просрпски можеме тие епитети да ги отфрлиме, да се отрезниме и да почнеме со едно ново видување за да

можеме еве како пред некој ден што на една седница донесовме 26 закони, па да се потрудиме сите закони да ги донесеме без застој за да може нашата правна држава да заживее. Само тогаш ќе имаме право, доколку нашите ресори не ја спроведуваат политиката што ја креираме овде, па дури тогаш ќе имаме право да дадеме критички осврт, да бараме интерпелации, но вака со недонесени закони немојте само да обвинимуваме заради тоа што чувствувам одговорност како човек, како пратеник во овој парламент, дека се. наоѓаме во еден период на транзиција и како граѓани и како партии и како министерства, како министри со еден збор како луѓе, како власт. Сигурно и полицијата не знае во еден момент како да постапи, сигурно и некои други ресори прават грешки затоа што мислат ете ова е поубаво или некој навикнал со пендрек да оди низ улица и да тепа. Сигурно тој ќе биде сменет или самиот ќе се освести или некој ќе го исфрли надвор или ние навикнавме овде само да критикуваме, па еден ден и нашето ќе помине ќе се тргнеме од оваа парламентарна говорница, а сигурно и како граѓани сме навикнале на еден јавашлук, на еден друг режим на живеење и лека полека ќе се одвикаваме и ќе влеземе во токовите на сознанијата за современ свет за Европа без граници на трудот и капиталот или тоа или друго чаре нема, а тоа може да биде само тогаш кога најголем дел од нашите граѓани верувам дека ова ќе го прифатат, но ќе треба да ја пребродиме таа детска болест или парализа, како ја викаат

(Со седницата продолжи да раководи Стојан Андов, претседател на Собранието)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот рамадани.

IV/8.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа. Кога се расправа за министер за внатрешни работи односно Министерство за внатрешни работи интерпелација поднесена од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ јас веќе тоа го почувствував и гледам дека има и екстра интерес. Затоа што нормално е се работи за едно чувствително министерство каде што членовите односно вработените во тоа министерство се занимаваат со задачи и работи кои навистина се чувствителни.

Јас, повторената односно новата интерпелација поднесена кон министерот само еднаш ја прочитав, затоа што ги запаметив многуте работи од поранешната интерпелација. Сите тие работи кои се спомнуваат сме ги расправале почнувајќи од Куклиш, Дебар, Бит: пазар, па сина птица, па прислушување, Горче Петров, и на сите тие настани расправавме на долго и на широко и навистина имаше аргументи од двете страни, меѓутоа, имаше и игра со зборови. Се се одеше на тоа кој како и колку има луцидност во презентирањето на тие аргументи односно одбраната од аргументите од спротивната страна.^.Општ впечаток може би не , но:мој да, дека и министерот досега не навлезе никогаш во суштината на проблемот; Јас мислам дека проблемот е во тоа што во самото министерство каде има субординација наредни и извршувај, за жал, сеуште верувам во едно дека таму има партиска определеност во тоа министерство. Кај нас тука во парламентот многу е полесно, ние сме сите разобличени знаеме пратеничка група, партиска припадност и јасно се ни се чисти работите.  Меѓутоа, под униформа да има и партиска определеност тогаш е најлошото и затоа доаѓа до вакви проблеми каде што важат аргументите за жал и на едната и на другата страна.

IV/9.-

Еден од говорниците тука рече дека може би многу тактички многу добро тоа го презентираше дека полицијата на господинот Фрчковски или Фрчковски, не знам како рече час ги тепа македонците пас ги тепа албанците час ги тепа србите итн., меѓутоа, во овој случај ќе направам една дистинкција час ги тепа македонците час ги тепа и убива албанците. Затоа што примерот на бит пазар тоа најдобро го покажа и во сите извештаи многу интересно е кога Министерството за внатрешни работи поднесува извештаи за сите овие настани, апсолутно ни еден не сноси вина.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**: (продолжение)

Значи, ни еден. Ниту првите луѓе, ниту екзикуторот, ниту полицаецот невини се. Априори невини се. Тоа ме зачудува зошто? Дали некој верува толку во луѓето кои се публикувани. И јас би сакал да верувам меѓутоа во сите не можам да верувам. А во сите не би требало и министерот да верува а јас знам дека не верува дека ги извршува задачите во рамките на нивните должности , меѓутоа треба пред овој Парламент да се отвори и тој сезам да речеме, во министерството кој како што и кој ,ги пласира односно кој е настроен така за да се случуваат и вакви работи Ікои навистина некоренспондираат со демократијата.

Некој сега можеби со цинизам, можеби со иронија слушам тука дека директно се обраќаат директно кон личноста. Со иронија, некои можеби искрено го нарекуваат преголем демократ, некои под наводници некои без наводници, меѓутоа од тоа што се случуваат настани јас би рекол дека |во редовите на МВР навистина има луѓе, ама, апсолутно ништо немаат со тоа што е демократско однесување. Знам јас некој би рекол, пати се полицајци, тие немаат врска со демократија. Немојте ве молам. Јас со тоа не би се согласил затоа што среќавам и такви полицајци кои навистина ги се обраќаат љубезно, кои навистина знаат како да разговараат со граѓаните, меѓутоа има и такви кои можеби во фазата на егзикутацијата, кога |ќе егзикутираат тие наредби тогаш веќе ги покажуваат сите нивни определби а јас би рекол во овој случај можеби и партиски и национално. Мислам и■понатаму не треба да се стави некој параван со одбрана дека сите тие што се под униформа се чесни и сите во рамките на нивните овластувања ги извршуваат задачите. Тоа навистина не држи затоа што да убиваш невини В1уѓе не е рамка за добро извршена работа односно добро извршена задача. Јас дури очекувам дека навистина министерот денеска ќе навлезе во една вистинска суштина што се се случува во министерството за внатрешн

работи, од јавното обвинителство на РМ , бидејќи ја водам комисијата за Бит пазарските настани и од јавното обвинителство кога се бара одговорност од група граѓани односно од граѓани како лице , како човек и кога јавниот обвинител бара аргументи на увид итн. од Министерството за внатрешни работи тогаш на тоа јавното обвинителство само може да чека, а кога ќе може да н ачека незнам. Значи, нема. А, ако се бара обвинување, се обвинуваат полицајците, тогаш веднаш се дава извештај, се даваат аргументи дека полицајците кои учествуваа немаат вина, значи дека се невини. Сите овие работи навистина не загрижуваат, затоа што мораме да признаеме дека ние некои работи , добро ги знаеме, Ние сме во една фаза на транзиција , во тоа што е почеток на демократијата итн. меѓутоа толку сме и толку би требало ви сети ива пти е денијратуха да се брани и да се чува и да се афирмира не мора, па секогаш само полицијата да биде параван и со една реченица да кажеме дека демократија може да има во Македонија само под услов ако таа се чува стриктно и како што сака таа од МВР односно од полицијата.

**НИКОЛЧЕ ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мојот прв впечаток е дека во Собранието почнува да се повторува расправата што по неколку поводи ја водевме. Кога ова го водевме и имам предвид пред се обемните собраниски расправи по информациите за Куќлиш, Радовуш, Радолиште, Бит Пазарм, Ѓорче Петров, службата за државна безбедност итн. Дури имам и личен впечаток дека по повод образложените од предлагачите за интерпелацијата не чувме никакви нови а ниту и несериозни образложенија зошто интерпелацијата е поднесена и што со неа се бара посебно со нејзиното излагање кое дефакто значеше читање на поднесениот документ кој веќе сите го имаме во поштата добиено.

V/3

Јас би сакал по овој повод да истакнам и нешто што никогаш не сме имале прилика да го истакнеме односно за тоа да разговараме, а со оглед дека расправата добива димензии на рас- права многу пошироко од она што е напишано како. барање на интерпелацијата, да биде расправа многу често за министерството,, во целина Владата итн. Сметам дека во оваа расправа треба да се истакнат уште неколку точки.

Прво, мислам дека Министерството за внатрешни работи во целина во периодот за кој разговараме и што се однесува до интерпелацијата почнува со сопствена реорганизација и тоа мошне систематично. Реорганизација која е во доменот и на министерот за внатрешни работи, и реорганизација која е во доменот и на Владата на РМ и мислам дека таа реорганизација во основа успешно се остварува во онаа насока во која сакаме РМ да ја конституираме. Меѓутоа мислам дека една реорганизација во Министерството сериозно доцни, меѓутоа за тоа пред се мислам дека сите ние во Собранието на РМ имаме, така да кажам вина, затоа што два или три базични акти во вид на закони кои се предложени од ресорното министерство и кои Владата до ова Собрание за реорганизација на министерството за внатрешни работи ги има доставено и по мое памтење некаде од пролетта 11993 година ги немаме ставено на дневен ред.

Што се однесува до работата во Министерството и во Владата тоа е завршено меѓутоа и ние тоа треба да го завршиме. Мислам дека тој процес треба да го констатираме како неспорен дека работата со реорганизација според мое согледување се одвива успешно. Се разбира треба што побрзо да ги ставиме на дневен ред овие два закони со кои ќе можеме и она што во Владата и во Министерството се замислило со структурната реорганизација на Министерството да го расправаме.

V/4

Исто така мислам дека во органот се остварува успешна деполитизација. ова го говорам затоа што се работи за орган во кој што 40-есетина години владееше една идеолошка пресија, а во последната година,пред доаѓањето на актуелниот министер се направи прилично успешен обид, по мое мислеше да завладее друга добро позната идеолошка пресија..Мислам дека од таква стартна позиција министерот Фрчковски успешно остварува соодветна деполитизација во МВР што е негова уставна и законска обврска согласно со актите кои ги донесе ова Собрание.

Мислам дека исто така, иако за ова некој тоа тука го кажа, постојат потпори внатре во органот кои се должат на двата факти кои ги изнесов . И на претходната и на обидот за ново воспоставена идеолошка пресија.

Исто така мислам дека органот и стручно се зајакнува и се претвора во орган на државната управа кој е лојален на државата и на Уставот, без разлика на ова претходно што го говорев.

Исто така мислам дека треба да се истакне во оваа ситуација, кога веќе расправата добива така широки димензии дека МВР, се разбира и актуелниот министер во една многу деликатна ситуација за РМ, а тоа е таа така ќе ја наречам вакум ситуација од аспект на безбедноста на РМ некаде во пролетна 1992 година одигра клучна улога во раководењето со МВР и со организацијата на безбедноста на РМ од аспект на внатрешната безбедност, граничната безбедност, со меѓународната безбедност итн. Тоа беше, се сеќавате веројатно сите периодот кога армијата на бившата СФРЈ ја напушти територијата на Македонија а сеуште немавме изградено сопствена армија и целата таа организација во тој вакум период падна практично со еден широк консензус од државата на плеќите, на МВР и на министерот. Мислам дека тоа успешно се оствари.

V/5

Исто така мислам дека односите внатре во Министерството, во органот за внатрешни работи се стабилизираат, односно постојат сериозни и успешни обиди за стабилизација на односите во едно министерство во кое во тој меѓу период настанаа прилично голем број на превирања. Имам предвид нешто и што се случуваше пред изборите итн.

Исто така од оваа говорница и се обраќам на пратеничката група ПДП посебно и би сакал да потенцирам дека структурата на вработените во Министерството, според податоците кои по пошта ги добивме во неколку наврати во пратениците, структурата по национална основа споро но сепак се приближува кон дефакто структурата во" РМ што неспорно е демократска придобивка на актуелното министерство.

Седмо, исто така треба да потенцираме дека во овој Парламент предложените законски проекти и акти од Владата, а за кои ресорно е задолжени Министерот Фрчковски, во најголем број или исклучиво наидуваат на прифаќање во Собранието а во праксата се покажуваат како закони и акти кои се корисни за овој транзитен аспект на државноста и од аспект на промената на општествениот систем и дека како такви успешно ја вршат сопствената функција.

Мислам дека треба да се спомене, иако можеби ќе ви звучи и чудно, меѓутоа тоа е мој личен впечаток дека во репресивниот орган МВР со актуелниот министер. има дел од заслугите за развојот на човечките права на РМ и мислам дека за ова може да се дава и поширока елаборација и примен сум дека за доколку има потреба да елаборирам и понатаму,

Се согласувам дека во работата на Министерството во периодот за кој расправаме има и пропусти во работата но мое интимно убедување е дека тие не се од карактер кои. Можат да предизвикуваат гласање на интерпелацијата по тој повод и дека тие пропусти се нормални и

очекувани во вака драматични времиња и на вака драматични простори со еден вака битен орган во државната управа. Мислам дека она што на почеток ги кажав случаите за кои расправавме тоа само го потврдуваат и дека она што треба да се потенцира од тие случаи кои се нормални во сите овие држави во кои и ние спаѓаме, кои се наоѓаат во транзиција, во кои се овие се мошне деликатни министерства итн. сепак беа едноставно локални случаи кои не прераснаа во нешто посериозно и слично.

Исто така мислам дека е неподелен впечатокот дека не е безначајно и позитивното влијание на овој орган врз процесот на неконтролираната против законска приватизација во РМ за периодот кога заради распадот на институциите на сојузно ниво во кои учествувавме и ние а кои го контролираа процесот на приватизација практично се немаше целосен увид од страна на Републичките институции што се случува во доменот на приватизацијата. Мислам дека можеше да добие сосема поинакви димензии и мислам дека тој орган тука дел од обврските ги исполни сосема на ниво на задачите.

Од овие причини а имајќи го предвид сето ова што го слушнав овде од претходните предлагачи, а и од она што е напишано и образложено од предлагачите и од подносителите на интерпелацијата јас не сум спремен да ги прифатам тие аргументи и да се изјаснам за неа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници., Би сакал пред да почнам со моето излагање да апелирам до сите пратеници да од нашиот речник ги исфрлиме зборовите "пробугари, просрби" итн. Во оваа држава постојат и ќе постојат само Македонци

Во однос на интерпелацијата поднесена од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ сакам да кажам дека како партија и пратеник кој што е во опозиција ја поддржувам и сметам дека треба да се поддржи од повеќе причини.

V/7

Прво, односот на министерот, господин Љубомир Фрчковски кон нас како Парламент. Сметам дека пратеничкото прашање, како единствена можност за комуникација на нас пратениците и Парламентот со Владата на РМ од г-динот Фрчковски е во голема мера дискриминаторски спрема нас, потценувачки, со негово неприсуство, со одговори кои што навистина не прилегаат на одговори. Јас ќе кажам само за едно мое пратеничко прашање, кое веќе скоро една година се провлекува во писмената комуникација помеѓу Парламентот и Владата. Сметам дека после донесувањето на Уставот, а особено после Референдумот ние како самостојна и суверена држава поставив прашање во врска со налепниците кои што нашите возила ги имаат сеуште во голем број ЈУ, кои сеуште асоцираат на бившата југословенска федерација. Инсистирав и барав да се донесе одлука која т* што надлежниот орган од Министерството за внатрешни работи ги регистрира возилата, со кое што нема да се регистрираат возила со вакви налепници. Но, од затмене непознати причини цело време ни се одговара се заобиколено, заокружено, никако да се каже вистинската причина.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (Продолжение)

Со право искажувам страв, тоа за мене е многу опасна асоцијација, можеби за некого ќе рече не е нешто значајно, но повторувам, во време кога низ оваа наша држава за цело време се шетаат разни "вукодлаци" "волци" итн., кои што отворено агитираат за реинтеграција на бившите југословенски простори за повторно воспоставување на бившата и вештачка творба СФРЈ сметам дека секоја асоцијација треба да биде категорично пресечена во самиот корен.

Втора причина поради која што мислам дека господинот j

Фрчковски треба да си оди од своето место е тоа што не успеа ниту во јавноста, ниту на парламентарната говорница да ги демантира и отфрли доказите за прислушкување на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ а можеби се прислушуваат и другите опозициони партии, со оглед на тоа што го видовме од приложените докази.

Сметам дека тоа е афера во политиката од прв ред. Видовме во демократски земји што се случува, со демократски избрани влади, претседатели на држави, министри примерот со"Вотергејт"?во Америка и еве сега примерот во соседна Грција каде што се прислушување .опозицијата и затоа сметам, во интерес на демократијата, во интерес на државата, во интерес на развојот на оваа држава/ на развојот на демократските процеси требаше после тие докази министерот да си поднесе самиот оставка а не да доаѓаме овде во ситуација во Парламентот да бидеме сведоци на вакви тешки обвинувања.

Трета причина, поради која мислам дека треба да си оди министерот Фрчковски е таа што од неговото министерство се инфилтрираат луѓе во сите опозициони партии, се со цел,да ги рушат опозиционите. партии, да создаваат раздори, а тоа претежно беше

изразено со Партијата ВМРО-ДПМНЕ. Така што одредени поединци кои внесоа големи раздори беа наградени со членство во уставни комисии, и сега гледам се испраќаат како награда, како некои државни службеници во Австралија, Канада итн.

Четврта причина поради која треба да си оди господинот Фрчковски, што врз база на неуставна одлука го тепаше народот во Горче Петров. Толку многу е кажано за тој настан што мислам дека ќе се губи време доколку го образложувам понатаму. На сите овде во салата и во јавноста се ни е јасно за тој случај и затоа немам намера повеќе да зборувам за тоа.

Петта причина поради која треба да си оди господинот Фрчковски е таа што на ТВ дневникот, второиот, на 21.11.1993 година, оваа година, што нас неколку пратеници не нарече фашисти, што македонците по потекло од Егејска Македонија, кај нив најде ксенофобичност што мислам дека еден министер во( една влада особено министер за внатрешни работи не смее да си дозволи самиот себеси да дава такви тешки оцени за една таква голема група граѓани.

Шеста причина поради која што господинот Фрчковски треба да си оди е криминалот и злоупотребите и неовластеното богатење на поединци и високи функционери во МВР.

Имаше тука една иницијатива од пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ да се испитаат тие финансиски злоупотреби, да се формира парламентарна комисија, но тоа не помина, за жал, бидејќи сметам дека и тоа е една од главните причини поради тоа што во оваа држава царува корупцијата, митото, криминалот итн. Бидејќи тој што треба да се бори против таа корупција и самиот е корумпиран и ние како држава ако не ја сосечеме оваа појава на корупција, на мито ќе биде многу тешко да опстоиме како држава.

Тоа беа моите шест причини поради кои мислам дека треба да си оди господинот Фрчковски. Но,морам да се осврнам овде на една промоција на еден претходен пратеник, Никола Поповски, господинот од Социјалдемократскиот сојуз на воведување национален клуч кој што очигледно веќе се воведува во сите овие витални министерства за народна одбрана, за внатрешни работи, во органите на државата кој што национален клуч ќе ги промовира национално определените луѓе националната припадност што од друга страна е контрадикторно со изјавите на господинот Фрчковски дека тој врши преструктуирање на Министерството, дека способните ќе одат напред, ќе се форсираат итн.

Мене лично како Македонци ми било срам заради тоа што сум македонец да бидам на одредена позиција. Сметам исто така, дека воведувањето национален клуч во вакви органи е многу опасна работа и по стручноста за тие органи, но претставува опасност и за самата држава од причина што видовме, многу е свеж примерот како се растури бившата вештачка творба СФРЈ токму поради тие национални клучеви, поради тоа што луѓе кои воопшто не беа способни во своите области само заради тоа што беа од одредена национална припадност, беа форсирани дури до на високите функции во државата.

Не сум албанофобичен, ниту србофобичен, нити било каков, мислам дека треба да се промовираат стручни и способни луѓе независно од својата национална припадност на било кое поле во државата. Само така како држава сметам дека можеме да одиме напред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара господинот Халили.

(Интервенција од место дека не бил спомнат)

После господинот Пановски, нема друг пријавен дискутант.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, не треба многу дискусија па да се види дека се длабоки корените на расизмот во претходниот дискутант. Тезата на Хитлер дека само Германците се способни и најспособни луѓе на светот тоа беше повеќе него расизам, туку фашизам. И, со оглед на фактот дека тој зборува и на памет и не ги знае работите дека нема такви вработувања во МВР, тоа беше само една пропаганда пред светот, дури и една голема пропаганда пред јавноста дека, ете Македонија вложува напори да ги вклучи и другите во разни министерства да се зачлени во тие европски институции.

Вистината е друга, министерот е тука, тој може да изнесе со шифри па да видиме дека од 100 или 200 пријавени кандидати од другите народи во Македонија биле примени еден или двајца а сите други биле одбиени од разни причини, дури и смешни причини, дека не биле 172 сантиметри високи, имајќи го фактот дека во разни градо ви во Тетово имаме полицајци со 163 сантиметри.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Михаил Пановски повторно.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас себе си не се сметам ниту за расист, ниту фашист.

Може господинот Халили што сака да кажува, нека ценат тие што слушаат и што гледаат.

Се осврнав на изјавата на господинот Никола Поповски, кој кажа, дословно, може да ги прочитате господине Халили стенограмите, ќе проверите дека "министерството е најдобар пат да оствари пропорција на вработените како што е пропорцијата меѓу национална во оваа држава”. И реков дека и секаде ќе го кажувам тоа дека ќе се срамам како

македонец да се вработам било каде само поради тоа што сум македонец. Ако бидам вработен врз основа на моите способности што ги имам како човек, тоа да. А, заради тоа што сум македонец а да бидат одбиени албанци или турци кои се поспособни од мене, ќе се срамам од такво вработување.

Јас тоа го реков и пак ќе го кажам и секогаш ќе го кажувам господине Халили а вие може да си го толкувате тоа како што сакате. Тоа е ваше право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКО&:**

Почитувани пратеници, несомнена тежина има интерпелацијата да ја наречам како една институција во демократските држави/ односно како можност за одговорност на носителите на' јавни функции. Во конкретниот случај имаме една интерпелација за еден носител на јавна "функција односно министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Фрчковски. И, нормално,.со таа интерпелација, аргументирано, поднесена со аргументи се настојува да се докаже неговото политичко однесување како главен функционер- во МВР. Односно несомнено е дека тој е политичка личност во случајот е член на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија.

Стручните квалификации на министерот се несомнени. Во тие стручни квалификации се имам уверено и јас пред да биде министерот Фрчковски избран за министер. Односно како политичар сакав да знам одредени стручни работи околу третирањето на правата на националните малцинства во одредени држави, европски демократски држави би рекол. Сум го посетил министерот Фрчковски, пред да биде

министер односно кога беше професор на Правниот факултет и согласно моите прашања сум добил одреден одговор.

Затоа повторувам, стручните квалификации на министерот се несомнени, односно тоа го докажал до сега и безброј пати. Можеби и повеќето знаете, меѓутоа можеби некој не знае дека тој е еден од главните творци на амандманите на претходниот устав, на тогашна Социјалистичка Република Македонија во кои, во еден амандман беше предвиден и начинот на сецесија, односно отцепување на Република Македонија од Бившата СФРЈ. За жал, поради познати причини таа одред ба не се примени во Собранието, се отиде на друга солуција и таа / работа се заврши. Меѓутоа, верувам дека исто така сите знаете дека и на сегашниот устав господинот Фрчковски е исто така еден од главните креатори каде се внесени одредени бројни демократски определби во тој наш устав, односно тие прашања сврзани и со националните малцинства.

Исто така, би напомнал дека еден од главните творци на барањето на Социјалдемократскиот„сојуз на Македонија во мај 1992 година ми се чини, за предвремени избори и квалификациите изнесени во тоа барање како "нелегитимен парламент", "нелегитимен претседател итн." не соодветствува со новиот устав" исто така беше господинот Љубомир Фрчковски. Јас тука не навлегувам колку тие негови тогашни квалификации односно заложби на партијата на која им припаѓа дека овој парламент е нелегитимен и дека претседателот е нелегитимен и итн., меѓутоа ред е и тие работи да се спомнат.

Но, ќе напомнам дека господинот Фрчковски, како несомнено стручно квалификуван од областа на правните науки во исто време е и главен творец, како партиски определен министер ќе повторам, член на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за контрола врз другите

партии и инфилтрирање на луѓе од државата безбедност во тие партии. Само да се потсетиме, македонската јавност беше запозната со дејствувањето на некакви си заштитни комитети што се препишуваа на ВМРО- ДПМНЕ итн. Пред малку говорникот пред мене спомна тука дека тие луѓе кои беа главни иницијатори за создавање на едни вакви заштитни коми- тети добиле одредени соодветни сатисфакции. Тоа беше се под контрола на Службата за државна безбедност односно МВР. Се спомна "Сина Птица" каде што, само ќе напомнам случајот сигурно беше елабориран пред мене доста нашироко, меѓутоа, ќе напомнам дека главниот актер во "Сината / Птица" е на листата на барање на Интерпол. Тоа сигурно министерот добро го знае, за криминал, односно за убиство. Тој истиот главен актер на "Сината Птица" што се претставуваше таму дека е голем патриот сега, моментално, има најдено азил во Република Србија односно во СР Југославија. А, од Министерството за внатрешни работи односно од Службата за државна безбедност настојуваат да ни го покажат дека е голем патриот кој се бори против некои си "филства" во одредени партии што» беше чиста инсинуација.

Прислушување на партискиот телефон на ВМРО-ДПМНЕ како докажана работа загоа што, да повторам, овде се изнесоа некои работи дека тоа не е докажана работа, меѓутоа Комисијата за контрола г на СДБ работи врз основа на свој деловник односно во еден демократски амбиент, со демократски механизми ги донесе сите три заклучоци по однос на овие три случаи. Тоа е тоа, затоа што и ние како понекогаш во овој Парламент се лутиме, не надгласувате, меѓутоа, демократијата функционира врз основа на тие механизми, а тоа е гласањето. Кој има повеќе гласови, врз основа на фактите, така и таа Комисија ја заврши таа работа, без разлика што во средствата за јавно информирање не најде соодветна интерпретација. Тоа е исто така работа за размислување.

VI/8

Случаите Куклиш, Радовиш, Дебар, Радолиште, Скопје, итн. исто така беа елаборирани пред мене од поедини пратеници, меѓутоа ди во тие случаи јас незнам дали се сакаше на некој начин со тие случаи да се покаже, на македонската јавност да и се покаже дека еве, вие немате право воопшто да барате свои права, синдикални, комунални да ги наречам итн., затоа што - внимавајте што правите, тука е полицијата која ќе одреди како да се однесувате. Тоа за мене е сепак еден антидемократски чин односно недоследност затоа што исто така министерот Фрчковски, ќе напомнам, учествувајќи во создавање амандмани на претходниот устав и создавањето нов устав се покажа дека е голем познавач на демократијата, како теоретичар би рекол, но во случајов излезе дека праксата е сосема нешто друго.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Мене, посебно вака на товар на господинот Фрчковски, затоа што треба да напоменеме дека сега расправаме за одговорноста на господинот Фрчковски, односно за негова интерпелација, а не за интерпелација на Министерствово за внатрешни работи, што еден преходен дискутант, односно господинот Никола Поповски на некој начин се обиде да ја изврши работата. Се работи за интерпелација на првиот човек во МВР, односно за министерот за внатрешни работи, а не се работи за целото Министерство за внатрешни работи. Во тој контекст ќе напоменам ме загрижуваат и контактите на Службата за државна безбедност на Република Македонија со службите за државна безбедност на Република Грција. Контакти кои перманентно односно континуирано се остваруваат како еден остаток од одредени задолженија од бившата СФРЈ, која настојуваше одредени незадоволства од македонското население кое живее во Егејскиот дел на Македонија, односно во Република Грција со еден договор кој постоеше меѓу СФРЈ и Република Грција да ги амортизира на некој начин и со едни чести контакти меѓу Службите за државна безбедност на бившата СФРЈ и Република Грција. Јас ги разбирам таквите контакти ако се однесуваат само на откриваше на канали за шверц на оружје, дрога итн., па и она префрлаше на емигранти итн., меѓутоа, очигледно. е дека читајќи ги преводите од грчките весници дека тие контакти се одвивале и во друга насока, што за мене е повеќе од непримерно, затоа што ние имаме Министерство за надворешни работи каде што сите контакти од надворешната сфера би требало да се одвиваат преку тоа Министерство, а не да се оди преку службите за државна безбедност итн. „Затоа, велам и сеуште мислам дека таквите контакти се насочени кон тоа припадниците на македонскиот народ кои живеа во егејскиот дел на Македонија, во Република Грција на некој начин да се симне тензијата

од барањето за нивните национа ни, културни права и граѓански права нормално во рамките на Република Грција.

Мене ме загрижува уште една работа од Службата за државна безбедност чиј номинален шеф би рекол во овој случај е сепак министерот за внатрешни работи господинот Фрчковски, а тоа е ново-поставениот односно нововоспоставениот однос со американските разузнавачки и контраразузнавачки служби, што исто така е добро во однос на тоа да се открива некаков шверц на оружје, дрога итн., меѓутоа во однос на националните интереси на Република Македонија каде што одредени функционери пласираат дека еве во Македонија постојат демократски сили, не демократски сили во парламентот и во другите партии е сито така не примерно, меѓутоа, такви, би ги нарекол така дезавуирања на одредени политички партии се случуваат односно ме плаши тој однос, иако знаеме дека сите сакаме на некој начин сите настојуваат овие нови држави би ги нарекол така да имаат добри односи со американската администрација, но често пати треба да се мисли, пред се, на националните интереси и на интересите на народот кој живее во дотичната држава, па така и ние како Република Македонија на се треба да мислиме за нашите национални интереси.

Повторувам во овие контакти имаме информации дека се протежира единствено социјал демократскиот сојуз на Македонија дека како единствена демократска сила е таа што би можела на некој начин да раководи со Република Македонија.

Мене ме загрижува, исто така, што е во ресорот на ова министерство се уште, иако не сме извршиле трансформација на СОК и на ова министерство околу создавање на финансиска полиција меѓутоа

во некои односи Министерството за внатрешни работи е тоа што прибира информации за одреден стопански криминал односно корупција на одредени личности, па дури и министри во Владата на Република Македонија и со такви информации располага. За жал, чесно е во оваа држава ако сакаме да одиме и да градиме една демократија, сите нечесни работи да се извадат односно да се презентираат на јавноста. За жал, такви работи да повторам од ова Министерство иако имаме информации и тоа еден обемен, голем број на такви информации, досега не добивме, иако при конституирањето на оваа сегашна Влада која владее со РМ , се сеќаваме дека една од главните цели на таа / Влада ќе биде, во излагањето на господинот премиер на таа Влада односно претседател Бранко Црвенковски, борбата против корупцијата, митото итн. За жал, тие полуафери што се шушкаат во јавноста одредени случаи во стопанскиот криминал на грабеж на општествената сопственост, која еве гледаме се уште е во една таква преодна фаза би рекол каде што нејзината вредност се намалува се во интерес на одредени кругови од одредени партии, во случајот од партијата на Социјал демократскиот сојуз како носечка сила во таа коалициона Влада.

Мене ме загрижува, исто така, сознанијата што ги има Министерството за внатрешни работи, а не ги обелоденува, така да се изразам околу тоа кој е тој што во оваа македонска држава не плаќа своите со закон предвидени обврски односно разните давачки, даноци итн. И затоа. имаме една општа трка од поедини приватни бизнисмени, кој го прават тоа, а со тоа трпи и државата односно разните фондови, буџетот на државата итн. целата македонска јавност знае дека такви бизнисмени трчаат да се пријавуваат односно да се зачленуваат во владеачките партии, а најповеќе во Социјалдемократскиот сојуз на Република Македонија.

Овде од некои пратеници слушнавме одбранбени така би се изразил зборови за причината на денешната интерпелација на господинот Фрчковски со едни недоследности односно без контра аргументи на они што беа изнесени од тие што ја поддржуваат оваа интерпеција и кај мене се создаде едно чувство дека се работи за лични интереси на поедини пратеници, бранители би ги нарекол уште еднаш итн. Да потсетам уште еднаш, затоа што од еден пратеник од ПДП се произнесе дека не се решени некои работи со трите случаи Комисијата за контрола на државна безбедност што ги разгледувала итн., дека тие се  уште еднаш ќе повторам, донесен во демократски амбиент, со демократски механизам односно гласање во кое што сите три случаи и пратеникот од ПДП член на оваа Комисија исто така се изјасни позитивно за овие заклучоци. Значи, тие заклучоци се донесени врз основа на факти, аргументи, а не врз основ ана партиска припадност како што во некои свои настапувања во јавноста господинот Фрчковски се обидува да ги докаже.

Овде се спомена од господинот Никола Поповски исто така дека за некои извештај за националната припадност во Министерството за внатрешни работи дека тој го добил. Јас како член на Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност односно претседател таков еден материјал немам добиено и сметам сигурно дека е тоа еден извештај што господинот Фрчковски го достави до своите партиски раководители како еден лојален член на Социјалдемократскиот сојуз на Република Македонија.

Ја поддржувам интерпелацијата и ќе гласам позитивно за г оваа интерпелација, но мислам дека, да повторам во демократските држави во едни вакви аргументирани интерпелации самите министри,  согласно

јавноста, согласно демократската јавност си даваат оставки. Во нашиов случај досега такво нешто се нема случено. Верувам некоја поблиска иднина и тоа ќе се случи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, по повод интерпелацијата за работата на членот на Владата на Република Македонија министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Фрчковски, сметам дека е значајно да се осврнеме на неколку моменти за неговата одговорност. Зошто одговорност? И зошто за таа одговорност бараме аргументи. Аргументите не се само грубото пречекорување на уставните и законските надлежности на органот со кој раководи туку и заради примената на бруталните рересивни мерки спрема граѓаните за кои што досега зборувавме за познатите случаи.

Досега повеќе пати укажувавме на тоа, укажувавме дека нема оправдувања за пречекорувањата што ги прави министерот и неговото ресорно министерство. Господинот министер за внатрешни работи и оваа актуелна Влада очигледно не можат, а да не бидат одговорни за сите состојби што се случуваат во нашата Република на штета на демократските процеси. Во овој момент се поставува прашањето дали можеме од други лица да бараме тие да ги почитуваат законските овластувања ако добро знаеме од познатите случаи дека токму органот што е одговорен да ги почитува тие законски и уставни на- чела постапуваат наспроти тие демократски начела.

VII/6.-

Овој пат сакам нешто повеќе да кажам за случајот со досиејата за кои исто така министерот и ресорното министерство сметам дека сносат извесна одговорност. Во прилог на тоа само ќе кажам дека досега од страна на ресорното министерство сеуште ен се отворени тајните полициски досиеја на граѓаните и не е овозможено секој кој сака под услов ако има досие да погледа, односно да има увид во тие досиеја. Ако во источните земји, а тоа е случај и со некои од земјите од бивша Југославија, како што е случајот Хрватска и Словенија, по паѓањето на комунистичката диктатура досиејата се отворени за јавноста, тајната политичка архива во Македонија сеуште не е ни чепната.

Овој пат сакам нешто повеќе да кажам и за прислушувањата односно за прислушувањата на телефоните. Постојат технички докази за тоа за кое што ние овде говоревме, а не само сведочења, кои исто така треба да се респектираат. Ако Комисијата за контрола на службата за државна безбедност се оневозможуваше во својата работа со тоа се потврдува дека Владата и министерството за внатрешни работи не се спремни да ги заштитат граѓанските права и имунитетот на пратениците. Познато е дека во многу земји во светот се прислушуваат телефон!? по неколку основи, кривично правна причина, полициска и против известителна причина. сето тоа постои кај нас. Таму каде е прислушувањето се врши и контролата судски не се врши кон- тролата судски таму ние не можеме да зборуваме за демократија. Сите тврдења дека кај нас не се прислушува може само едно такво тврдење да не насмее. Проблематично не е прислушувањето туку што тоа се работи незаконски и против демократските принципи .

На крајот, сакам да кажам дека длабоко сум против скриените микрофони, камери , кои завлегуваат во приватната сфера и интимата

што потоа се користи за повисоки цели. На крајот, сметам дека е крајно време да се истакне дека од страна на Министерството за внатрешни работи сеуште ништо не е сторено во однос на законодавната дејност и на регулирањето на законодавната материја за која што

Министерството овде не ни понуди законски решенија. Од тие причини ние сеуште овде немаме закон за заштита на државната граница на РМ, а знаеме дека поради таквата незаштитена граница од страна на северниот сосед какви се последиците. Тоа се само неколку моменти за кои што овде сакав да го поставам под знак прашање однесувањето на ова Министерство, а секако и одговорноста на ресорниот министер. Од тие и слични причини инсистирам да се постави довербата на министерот за надворешни работи и апелирам ние да ја прифатиме неговата оставка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

VIII/1.- ДВ /МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Немам намера, нормално да одговарам за она за што е расправано во Собранието, за што ова Собрание има донесено став како такво и за што јавноста е оптоварена наназад година дена. Можеби еден дел од целата работа е постојано Министерството да се држи како тема на расправа во Собранието што исто така, веројатно нормално од аспект на политичките интереси на политички субјекти е разбирливо. Јас сакам само нешто да кажам околу некои точки, сметам дека сум должен и кон вработените во Министерството, а и кон македонската јавност, некои ставови и тези кои беа овде изложени, а кои се длабоко невистинити, претставуваат манипулација и со јавноста и навреда веројатно за вработените во Министерството. Јас сум тука како политички функционер, денес сум тука утре можам да одам меѓутоа оние кои работат таму сепак должни сме на некој начин да ги штитиме се додека во правната држава во за тоа одредена процедура не се докаже дека некој од нив е виновен за тоа дело кое му се става на товар. Се дотогаш тие луѓе се невини исто како што има. третман секој граѓанин во Републиката.

Имено, во расправата за таканаречените случаи ни во еден таков случај не се отвори, односно во еден се отвори веќе и таа судска расправа тече» аргументите кои овде се изложени и противаргументите нормално се релевантни за политичката оцена во Собранието. Тие можат да бидат донесени, секако на демократски начин. Извештаите на комисите се на демократски начин донесени, неспорно е тоа. Меѓутоа едно е демократскиот начин, тука еден пратеник се збуни малку, на донесување на одлуката, а друго е вистинитоста од донесената одлука.

VIII/2.-

Демократијата значи процедурата на мнозинството да ја донесе одлуката а дали е тоа вистинито или не, тоа е сосема друго прашање. Точно е дека таквата демократија е релевантна за Собранието. Тоа 6 во ред. Меѓутоа, за да се оптужи некој за кривично дело, а во случајов неовластеното прислушување е кривично дело, за тоа треба да даде одлука судот. Тоа не може да се заврши со политичка одлука, демократска, недемократска, било каква одлука. Затоа став за тоа дека нешто е направено се води во судска постапка. Оние примери кои некои пратеници ги даваа за соседните земји сите се со судски постапки и таму се завршуваат и судската одлука има и политички епилог, за политичкиот функционер, секако. Во ниту еден од случаите не се докажани тезите. Вие знаете да не почнам сега да елаборирам од Дуклиш и Радовиш па се навака, какви беа извештаите и какви беа ставовите на Собранието. Сепак е малку непријатно кога на јавноста која тоа го доживуваше и се сервира овде дека аргументирано е докажана една теза која не само таа не е докажана, туку спротивното е докажано. Но, во било кој случај и било како, проблемот на прашањето за царување на криминалот што некои политички партии и пратеници овде на неколку пати го поентираа, од меѓународен аспект па и од внатрешен политички аспект на Македонија, сосема не изгледа така. Ние сме земја од таканаречените условно пост комунистички земји или земји во транзиција во која веројатно најмалку во Европа е присутна токму таа криминална девијација. Ние можеме да бидеме незадоволни со тој раст бидејќи го има во имотни деликти, меѓутоа апсолутно сме земја која спаѓа во врвот на земјите кои успеваат да ја контролираат таа криминална активност и да ја држат во она што се нарекува поднослива мерка за земјите во транзиција. За тоа ние имаме и меѓународна поддршка и меѓународна верификација, заклучно со нашиот прием во ИНТЕРПОЛ

VIII/3.-

Второ, корупцијата во полицијата. Па ве молам, зарем ние спаднавме на полуафери или шушката, таканаречени во јавноста. Овде ги образлагаме како аргументи за напад на вработените во МВР. Замислете шушкање, како аргументи на корупцијата во..., во било кое Министерство, било кого еве, политичка партија, било што. Тоа се елементи, музички изрази. Не се тоа изрази за политичка одговорност. Се знае што е политичката одговорност, на кој начин таа се образложува.

Полицијата во МВР во овој период успеа во најделикатната фаза, веројатно на македонската историја да ја одржи својата објективност, колку што тоа можеше да го направи, туку успеа да повлече една линија многу важна, после чие поминување значи завршување во криминален и социјален хаос, што се. случи во многу таканаречени пост комунистички земји. Ги имате во соседството. Тоа е правата на едните во однос на правата на другите, не полицијата во однос на граѓаните. Туку правата на едните граѓани во однос на правата на другите, што е основна бариера во сите демократски општини. Тука се наоѓаат интервенциите на полицијата и тие беа изведени навистина, по мое уверување, а сметам и по мислењето на македонската јавност на еден максимално успешен начин. Секако дека ќе има повредени со тоа, секако дека ќе бидат повредени оние политички сили кои стојат зад едниот дел на барикадата. меѓутоа тоа е дел од таа политичка ситуација и ризик кој тие ќе го прифатат. Тука нема плачење.

Во оваа двегодишна активност на МВР резултираше меѓу другото основната политичка работа и политички консензус во Македонија кој постави основа за нејзината стабилност. Тука без дискусија. Но, активноста на МВР беше еден од темелите на таа стабилност исто така. Земете предвид дека МВР не. по свое сакање туку по околностите и ситуациите, во кои беше ставена преземаше обврски кои не се нејзин

ресорс,  не се ресор кој го покрива Министерството. Тие ги изведуваше, држејќи ја по мое мислење мерката на коректност.

Она што сметам дека денес треба да се потенцира е пред се фактот дека не се работи за национален клуч на вработување во министерството. Се работи за нешто што е најнормално, господа не знам како тоа ќе го наречете, во сите земји. Тоа е нејзините граѓани да имаат пристап во она што се нарекува државна администрација преку критериуми кои таа државна администрација ги задржува, а не ги менува Сите вработени, да се разбереме, без било какви потценувања, во МВР ги поминале истите тестови како што ги поминуваат сите други вработени. На пример за осум вработени, Албанци се по националност во Тетово, беа пријавени 40, а беа вработени тие осум кои ги поминаа сите тестови. Можеби тие не се доволно, можеби требало да бидат вработени 20 по некоја друга сметка, меѓутоа поминаа само оние кои ги поминаа редовните стручни испити, стручни проценки. Некои сега ќе се лутат дека биле одбиени заради здравје и висина, меѓутоа тие се тие стручни други нема. Затоа се вработени тие.-Според тоа, невистина е дека се вработува по некаков национален клуч и исто така спротивното тврдење дека воопшто не се вработуваат или се одбиваат Албанците затоа што се Албанци, барем во овој период од две години поради некои смешни критериуми што Министерството ги има. Во последната година се примени 70 граѓани од албанска националност во МВР. Тоа се бројки. Зад сите тие 70 стоиме дека по дадените критериуми ги исполниле условите. Нивните досиеја можете да ги видите, од овој работен дел. Тој процент на нивната застапеност за две години е покачен од 2,5% за кој мораме да се согласиме дека е далеку по> задолжителното ниво до 4%, четири нешто во актуелниот период за кој сега зборувам. Во период од две-три години со неколку мерки во Министерството, повторно задржувајќи ги сите стручни критериуми можеме непропорционално туку

некаква недоволителна квота на припадници на сите националности, овдека само зборуваме за Албанците, случајно беше тој проблем, да бидат застапени и во државната администрација. Тука немаме никаков противаргумент. Се работи за професионалност и се работи за еднаков пристап, за ништо друго, никаков национален клуч. Нема тука клучеви по пропорционалност, било како да е. Да не се манипулира во јавноста со тоа.

Ова што постојано се повторува околу пенетрација на Службата за државна безбедност во сите опозициони партии.

Мене ми е многу непријатно што опозиционите партии се ставаат во таква позиција, тоа е всушност инфериорна позиција, да сите нивни проблеми, политички судира што ги имаат внатре се должат на мрачните сили на државната безбедност. Навистина е страшно потценувачка положба за самите себе. Веројатно тоа е нормална фракциска борба која се јавува во сите партии да се товари на Министерството за внатрешни работи и СДБ. Па дајте, тоа се луѓе, јас не знам дали да изведеме една посета или да п донесеме овде. Тоа се обични луѓе, не се супермен. Целокупната опозиција да може да ја контролираат СДБ па ние би избегнале голем број проблеми кои ги имавме и овде во Собранието, ако е тоа така. Според тоа немојте да го користите овој аргумент, навистина не држи и ја става политичката ситуација во Македонија во една смешна слика. И дава смешна слика.

Ставовите за функционирање на Министерството не се само мои овде на оваа говорница. Тоа се ставови на сите држави со кои до- сега сме имале контакт. Тоа е и односот нивни кон нас, бидејќи наша работа е воспоставување во областа на државната безбедност односно во областа интележен сервисот контакти со соодветните служби. Тие луѓе таму се платени и тие ќе се воспоставуваат во интерес на Македонија. Тука да нема никакви дилеми. Нема, тука табу теми. Тоа се ставовите

за Министерството. Процентот на криминалот, ќе повторам е она за што директно е надлежно Министерството, а што е секако најнизок или спаѓа во ретките случаи на пост комунистичките земји, земјите кои се во транзиција кои на овој начин ги држат криминалните активности под контрола и за тоа имаме неподелена поддршка. Сите други ги политички квалификации нормално јас немам овде намера да ги оспорувам, тоа остануваат ставови на партиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Мислам дека беседата завистина беше убава но не успеа господинот Фрчковски да не убеди.

Неспорно е дека со доаѓањето на господинот Љубомир Фрчковски на местото министер за внатрешни работи, работите в Министерство почнаа да ескалираат на повеќе полиња или во полиња.

1. На брутална полициска репресија, во аферите "С... ДУВЛО и бугарските летоци од порано. Во корупција,мито и мал...ја во МВР, во сеуште неразјаснетите самоубиства на членови на ДПМНЕ и одредени луѓе од полицискиот дестаблишмен, во форми на политичка полиција под патронаство на СДС

Околу првата точка која ја спомнав неспорно е апсолутно држи, па во оваа смисла би. ги истакнал Радовиш, Кукуш, Пазар, Радолишта и редица други настани кои веќе добро и на јавноста. Но всушност за што се работи?

Очигледно дека прviот полицаец во Република Македонија со својата психа, за тоа психолозите најдобро можат да ....

љубител е иа примена на брутална физичка сила, барем према она што досега го презентирал во сите овие настани. Сметам дека секаков друг коментар е излишен.

Околу втората точка, аферите Сина Птица, ДУВЛО и бугарските летоци, мислам дека добро и се познати на јавноста, но не би било на одмет начелно да се каже дека господинот Данаило Љубомир Фрчковски со неговите пајташи од првиот ред дстаблишментот е длабоко заплеткан во низа антиуставни дејства кои од. оваа говорница беа аргументирани и докажани, но за жал господата од коалицијата ги демантираа сите аргументи со принципот на гласање. Но, остана впечатокот на немоќ господине Фрчковски во вашите искажувања и негирањето на се она што беше презентирано од наша страна, од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Сметам дека овие афери исто така одат на душа т.е. на ваша душа господине Фрчковски како прв пендрек во Републиката.

Господа пратеници, сметам дека третата точка~која ја спомнав е најинтересна и за мене, а верувам и за пошироката јавност (мислам дека ништо не е смешно) . Јавна тајна е дека одредени: господа од пендрек клубот наречен МВР се длабоко заплеткани во организираниот криминал, т.е. собирање на провизија, рекет и сите други активности кои носат невиден профит. Не е никаква тајна кои се тие луѓе. Едноставно треба само да се провери нивната имотна состојба.

Исто така, не е никаква тајна дека одредени господа кои на господинот Фрчковски многу добро: му се познати, возат супер луксузни автомобили, еден или два, а тешко верувам дека со нивните плати тоа би го заработиле. Значи две возила, едно за делник, друго за празник. Акционери се или газди на фришопови, бензински пумпи (не е воопшто смешно), рекетот од продажба на девизи, цигари, наркотици, оружје итн. сметам дека не е сеуште време да се обелоденат нивните имиња затоа

господа во оваа македонска држава апсолутно не може ништо да функционира или профункционира без благослов на господинот Глигоров. Сите наши напори едноставно би паднале во вода.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, интерпелацијата е за господинот Фрчковски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во ред, господине претседателе, во ред.

Во чиј интерес не е никаква тајна. Системот"не бранувај затоа што премногу базди" е одомаќинет на овие простори.

Околу четвртата точка би го кажал следното. Сите овие, т наводни самоубиства се дело, барем според мене на егзекуторите од МВР. Но, индикативно е што во  сите овие случајни самоубиства во прашање се исклучиво членови на ВМРО-ДПМНЕ, па така нема ни потреба Министерството за внатрешни работи и подеталво да истражува, нормално не е во нивен интерес. Системот "не бранувај." и тука е соодветно применет. За загнувањето на Мијалков сеуште се молчи. И најновиот случај со случката на судар на претседателот на Собранието на Република Македонија Стојан Андов за кој МВР сеуште молчи или презентира "сакам кажам нејќамречам". Премногу индикации за да сето ова биде случајно. Господа, во животот не се случува, ништо случајно.

Формирањето на политичка полиција воопшто не е спорно. Има безброј примери. Во Битола одборник на СДС е началник на државна безбедност. Ако не се лажам мислам дека се викаше Ице Дамчески. Одборник од Собранието на Град Скопје службеник во МВР. Во Делчево исто така одборник на СДС е началник на државна безбедност и редица други примери за, кои сметам дека е излишно да се зборува. Впрочем и

VIII/9.-

највалидните докази за господата "жолти лалиња" не значат ништо затоа што коалицијата одлично функционира, така да народната поговорка "куче лае карванот врви" е нивно болшевично мото. Едноставно господа ова го презентирав поради својата совет затоа што ја поседувам, за разлика од господата левичари кои воопшто ја немаат. Но, мислам, се има свој крај и владеењето на господата наследници на болшевизмот, господата од СДС. Затоа сметам дека господинот Фрчковски треба што побрзо да ја напушти политичката сцена и да се врати на Карибите како што самиот ми се пофали во друштво со убавите мулатки каде што впрочем бил на заслужен одмор по сите овие афери.

На крај господа само да ви соопштам дека немам никаква намера да се самоубијам.

IX/1.- РД/Јл

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Веднаш уште на почетокот сакам да кажам дека во моето изјаснување ќе бидам воздржан од многуте причини:

Прва причина, сакам да дадам една кратка анализа, под кои услови работи ова министерство и во кои услови делуваше самиот министер. Немам намера ниту да го бранам министерството, ниту самиот министер, меѓутоа, мораме да бидеме објективни заради самите себе, затоа што и секој од нас без разлика на стручност, умешност итн., ќе дојде да раководи со некое министерство, може би ќе се заплетка во истите ситуации од кои човекот не би можел да излезе , од тие причини што секој на свој начин ние влијаеме за да создадеме некоја конфликтна ситуација од разни причини.

Мислам дека самото министерство, па и другите субјекти беа сведоци и работеа во времето да се изврши сериозни промени во системот, а тоа бараше радикални промени и во економскиот и во социјалниот и политичкиот  па и во свеста на граѓаните поинаку да мислат, а со тоа индиректно настанаа и одредени промени во самата држава.

Состојбите во светот, Балканот па и околу нас, исто така беа ризични, карактеристични за одредени патолошки појави и да не кажам се она што претставува надвор од една општествена или правна форма, создадовме култура на повеќепартиски живот  плурализам, повеќе партии најразлични програми на самите партии и сето тоа на некој начин предизвикува некој конфликт, заради тоа што никогаш не се совпаѓаат и програмски ориентации на самите партии, ниту содржината на тие програми. Мораме да потенцираме дека и структурата во државата на популацијата, односно на населението, на граѓаните е доста хетерогена по сите обележја. Сето тоа прави на некој начин во  каква социјална и економска, положба се наоѓаме и ние и државата дава за право дека ова министерство, овој министер па и некои си друг министер и некое си

друго министерство да ја променуваме структурата, макар и незнам секакви луѓе треба да внесуваме во тоа министерство, ќе најдуваат на сите овие проблеми што се присутни сега. Заради тоа ако ние се опсервираме секој поодделно, јас верувам во нашата структура на личноста, ќе дојдеме до низа недостатоци каде се испреплетуваат интересите. Дури да анализираме и едно семејство и таму има конфронтации од разни аспекти, така да сите членови на едно семејство не се задоволни и бара консензус на пример јас сакам патики од 100 марки, а јас имам да му дадам само за 50. Еве конфронтација. Мораме да појдеме објективно, барем според моето убедување, јас само вака ги анализирам проблемите, без да сум оптоварен идеолошки, партиски итн., туку дискутирам како граѓанин за надлежноста на самото министерство.- ДА ја анализираме таа надлежност. Во законот за безбедност и сите други закони единствена задача на тоа министерство е откривањето на сите патолошки појави во рамките на една држава. Тоа е прва и основна задача, откривање дефекти , а да откриеш некого мораш да применуваш разни методи, форми,,средства инструменти итн., за да дојдеш до една вистина а тоа министерството мора да го чини. Но при примената на сите тие методи, форми итн., го засегнува некој индивидуален колективен или партиски или лидерски интерес итн. и нормално е дека некој министер, некој службеник во МВР ќе дојде во судир заради тоа што не ги исполнува желбите ан едниот или другиот. Тоа за мене е многу сериозна причина заради тоа што министерството се наоѓа на права линија борбена и мора тие да ги открива. Самото откривање мора да го проучува и да го пријави некаде. Имаме фази на постапка/ ако одредено министерство открива одредени случаи, го проучува и мора да го пријави. Сега имаме еден ланец, еден континуитет на одредени органи и организации кои понатаму треба да почнуваат. Тука доаѓаме до правосудните оиргани. И правосудните органи сега треб ада навлезат во проблемот. Така да, сакам да кажам дек аво

проучувањето на еден проблем, во откривањето и се она да се заклучи со одреден заклучок се испреплетени интересите на повеќе министерства на повеќе субјекти и така натаму и така натаму. Многу важна задача а за мене многу битна, значи министерството има улога да го заштити уставот. Тоа е една од битните работи. Да учествува во заштита на кривично правната заштита на Република Македонија односно да го реализира кривичниот закон кој е донесен од сите нас овдека пратеници или претходни пратеници. И ако е тоа така нормално заштита на уставот кривично правната заштита и кривичниот закон апсолутно самиот по себе доаѓа во ситуација да мора тоа министерство да некого гони, а тоа значи во таа смисла мораме да сфатиме дека Министерството, односно министерот, односно некој друг, јас пак потенцирам за тоа, мора да ја обезбедува таа превентивна улога во државата во откривањето меѓутоа, во крајна дистанца мора да употребува куратива, а тоа е реприсивни мерки. Нормално сега треба да оцениме дали е репресивните мерки биле најсоодветни во одредена ситуација. Дали се работи за поединец, дали се работи за група итн.

Сега ние треба малку да изанализираме, ако во случајот Министерството преземе одредена активност во откривањето пријавувањето на некоја предсуда итн. дајте да се изанализираме дали ние како субјекти до крај сме придонеле да имаме едно релевантно, односно крајно добро решение на постапката која била реализирана од самото министерство.

Некои констатации кои беа изнесени тука по интерпелацијата јас ги прифаќам како констатации. Меѓутоа, имаше и дискусии од поединци, меѓутоа, лично кај мене постои една сериозна дилема и сега во рамките на таа констатација по интерпелацијата и во дискусиите има длабока вистина. Меѓутоа за да дојдеме до вистината да го анализираме проблемот до крај. Преку таа комплетна анализа ние можеме да кажеме

дека во село Куклиш полицијата била крива, во настаните на Бит пазар исто така полицијата била крива инт. Меѓутоа, јас би истакнал сега да се види учеството на поединецот на групата, таа формална или не формална и да видиме на другите субјекти кои се елита на одредена група. Иако изанализираме, ако направиме една вага во тој однос, тогаш, можеме да дојдеме во права ситуација кое крив. Овој е крив, оној не е крив, овој учествува во толку и толку постои и така натаму и така натаму.

Значи дека за мене ниту во интерпелацијата, ниту во дискусијата до крај не е разоткриена етиологијата на настанот кој се посочува. А етиологијата доаѓа во ситуација да се открие" да има едно длабоко стручно квалитетно и стриктно проучување на проблемот, дури тогаш можеме да го разгонетнеме настанот и да кажеме што е права вистина. Што значи дека мене гледано од тој аспект не ме убедија констатациите дека министерот Фрчковски,заедно со неговото министерство до крај се виновни за одредени состојби кои се случувале во рамките на нашата Република и во таа смисла не ги поддржувам.

На крајот да ви кажам, дали ние повторно ќе продолжиме со една ваква навика. Да почнуваме со интерпелации, да бараме информации, да бараме анализи, без самите себе  да се анализираме до  крај, или ќе почнеме да работиме да ги разрешуваме одредени проблеми кои се сврзани и во економијата, и во социјалата, а тука влегува и образованието, и здравството, итн. Апелирам до пратениците. Немој да мислите дека ако го_смениме еден министер, сега треба да бираме министер по мера, министер да биде по мера на партијата ПДП НДП, министер по мера на социјалистичката партија или по мера на ВМРО-ДПМНЕ итн. Ако така одиме  јас се согласувам дека може да имаме 105 министри, ниеден од нив без разлика на неговата стручност, квалитетност, компетентност итн., нема верувајте да ги задоволи нашите желби1 и потреби. Во таа смисла апелирам дајте малку да ги

разрешуваме проблемите и да работиме како законодавен орган, а да не се претвараме во некој критизерски дом.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници. Слушајќи ги дискусиите на сите претходници се остава впечаток дека сето ова што се изнесува на оваа говорница е како магла, како да не знаеме едноставно што сакаме. Јас само едно ќе укажам во овој момент. Колку ние сме спремни да прифатиме една вистина. Ќе ве потсетам само во однос на искажувањето на мојот почитуван колега Борис Змејковски кој изнесе некои податоци кои вака на оваа говорница звучеа малку прехрабро во даден момент, меѓутоа, во кои има голема и длабока вистина, а кои овој парламент ми се чини, заради тоа што чувствува некоја пресија од дамнината, не е спремен дали ги прифати овие состојби4 и едноставно да ги расветли.

Моето образложение ќе оди во смисла на тоа што јас ќе се потрудам да зборувам со факти, секако фактите што ќе ги искажам и против кого се насочени, нека господинот ги бележи и нека каже дека тоа не се факти, дека тоа не е вистина, дека така требало да се случи, дека во одреден момент политиката, односно политичкиот момент наоѓал така тоа да се направи. Веднаш ќе укажам и ќе се навратам на две дискусии што сметам дека содржат доста невистини, а тоа е дискусијата на господинот Никола Поповски;и господинот министер Фрчковски. Јас ја бележав дискусијата на господинот Никола Поповски, исто може и дотичниот господин за мене да бележи ако сака, меѓутоа, тој почна дека од оваа говорница не се искажуваат сериозни образложенија, односно дека во Интерпелацијата не беа дадени сериозни образложенија. А во Интерпретацијата имаме состојби каде што фигурираат убиства каде што има тепање на народот, а по него тоа е едноставно нема сериозност. Ако

IX/6.-

нема сериозност, тогаш ќе му предложам на господинот Поповски да оди до населбата Игорче Петров, каде што народот е тепан, да прошета и да разговара со тепаните и да каже и да укаже дека тоа не е ништо сериозно и дека не треба за тоа воопшто да се дискутира. Кажуваше за некои работи да има неорганизација во министерството, тоа е работа кога се ствара држава и нормално некој треба да ја чини и тоа е присутно и дека пости деполитизација во министерството. Тоа е апсолутно неточно, затоа што во практиката колку што јас можам да видам од крајот каде што доаѓам и кој зафаќа една одредена област, реорганизација се прави во министерството само врз основа на политичка определба. Орган лојален на државата и на Уставот. Тоа е з нормално и во функција на МВР. Односите во Министерството се стабилизираат. Ми се чини после овие напнати- - состојби кои ги баравме подолго време нормално беше да има едно притајување во министерството, да се добие една друга слика дека односите навистина ќе 4 налегнат меѓутоа, она што се случи ќе помине без одговорност итн. Структура на вработени во МВР се приближува кон структурата на населението. Се мислеше на припадниците од албанската националност со тоа што структурата се приближува, а истото го демантира тука и министерот дека во однос на вработување во МВР процентот е некаде околу 2,5% од вработените. Сметајте кој ви кажува точно во однос на тоа. Развој на човекови права. Нешто смело кажа дека има и такви работи, Вие ценете дали има и човекови права. Пропусти на работа нормални за овој политички момент. Навистина никој не може да ги предвиди состојбите особено кога се создава држава. Меѓутоа, сето тоа повторно ќе кажам во рамките на нормалата, на нормално функционирање на МВР.

Она што го изнесе господинот министер Фрчковски дека пред ова Собрание требаше да се дадат аргументи, сосема не држи затоа што едноставно се повикува на судството и кажува дајте на одлука од суд и

дајте ние по тоа да коментираме. Јас само ќе го потсетам едно дали тој како интелектуалец, како претходно професор на катедра може да се согласи со констатацијата дека во Република Македонија функционира правната држава. Колку е повеќе разграничувањето меѓу полициската и правната дражва. Јас сметам дека полициската држава повеќе функционира во однос на правната. Се повикувате на судовите од западните земји. Таму судовите едноставно работат, а кај нас се чека две години се одредено прашање да дојде пред суд и да се разгледува односно кога веќе состојбите се оладени и не се во моментот актуелни.

Исто така пред овој парламент и самиот укажа дека и натаму ја прифаќа пресијата, со тоа што спомна за оние зад бари- кадите кои на некој начин се осмелиле да протестираат за нешто дека нема да има плачење,:дека тие така прифатиле. Ја покажува неговата агресивност. И мислам дека треба да прекине со одобрувањето на ПДП во однос на структура на вработени и тоа не е начин да се придобие одредена партија, или одреден процент или одредена полза.

Јас сега ќе се обидам нешто да кажам во однос на функцијата на ова министерство кое има за сето ова време откако се формира, односно сметам дека карактеристична боја на ова министерство, е пред се политичката боја, а после тоа следат кршењето на човековите права и слободи. Не мал број пати овдека е спомнувам уставот законот односно неговото кршење. Тоа едноставно не се прифаќа, се бара одлука од суд. Кој суд ќе заседава во оваа држава за одредени опасни работи. Затоа.-и спомнав колку сме спремни да прифатиме вистина.

Ќе почнам едноставно со некои работи кои тука се кажаа, меѓутоа, јас не ги наоѓам аргументите во однос на тоа работата да се истакнува пред Собрание, а Министерството за внатрешни работи не дало

определено образложение. Меѓутоа едноставно дозволува тие работи да одат во магла, ги затаило, и тековното време ги прегазило овие работи. Не мал број пати се спомнувани и летоците на бугарски јазик. Ние немаме официјално ништо од МВР во однос на оваа ситуација која дефакто се случила во Македонија, меѓутоа, сите некако само нагаѓаме што и како е меѓутоа и тоа да кажам дека вистината се насетува, не е таа докажана, меѓутоа тоа требаше ова стручно министерство да ја обелодени и да ја искаже. Мене ми е чудно однесувањето на потпретседателот, на Собранието Тито Петковски во однос на неговото поинакво истапување пред јавноста, откога се случи оваа работа со летоците на бугарски јазик. Јас не го  знае како сосема коректен и принципиелен во однос на изнесување на одредени законитости, меѓутоа, откога се случи оваа работа, дали  кај него постои уцена од некој, меѓутоа тој мене не ме задоволува со своите демократски норми.

Не мал број пати е спомнувана терористичка паравојна организација. Тоа се случи во Македонија во ресторанот"Сина Птица" тоа беше обид на партијата ВМРО.-ДПМНЕ да и се препише тероризам, тоа се случи пред малите екрани, кога и самиот господин Величковски кажа дека работел по налог на министерот, а се случија сите тие работи, не ни седнам, и тоа така поминало. Преслушување на службениот телефон на ВМРО-ДПМНЕ," исто една ситуација која одеше на тоа да се докаже со истакнување на одредени докази, меѓутоа, сепак истото се заташкува. Особено не би се задржувал на овие случаи кои и ќе ги напомнам, меѓутоа, ценам дека нема смисла да ве замарам и да образложувам понатаму.

За настаните во Ѓорче Петров.

**АЦО СПИРОВСКИ**: (Продолжение)

Тоа е предмет што беше и пред Уставниот суд, ете една добиена точка како аргумент за господинот Фрчковски кој бараше Одлука на суд, еве му една Одлука каде што Уставниот суд се произнесе дека таа заедничка акција од Министерството за внатрешни работи со Министерството за урбанизам е во незаконита форма. И, ако сме правна држава треба да се размисли што значи сето тоа , односно дали некој треба да биде одговорен за таа работа, за тоа што едноставно настанаа последици, народот беше претепан, случајот доби политички димензии итн.

Остануваат случаите како неразјаснети во Радолиште, настанот на Бит Пазар, настаните во Куклиш, настаните во Радовиш, во поново време настаните во РЕК Битола за кои, ете, како и обичаено праксата кажува дека ќе требаат две или три години да поминат па нешто, нешто малку да се каже што е она вистина што се случило. Од МВР ние немаме ништо официјално дека нешто навистина се случило односно прифативме една теорија дека тоа е сосема случајно

Меѓутоа, јас ќе се навратам на сето ова претходно што го кажав, што значи неприфаќање на информациите на Собранието по однос на одредени настани, што~треба да значи,каков тоа е сигнал за министерот ако не се прифати една информација за Бит Пазар, да не се прифати информација за Радолиште, да не се прифати за Горче Петров, што значи тоа на материјалот што го дава тој каква информација, ова Собрание не го прифаќа? Што значи тоа, уште еднаш ве потсетувам.

X/2.-

Остануваат како така поситни дела случаите што секој- дневно се случуваа, а се однесуваат во однос на тоа што во МВР е секојдневна појава на преместување од работни места, бркање од работа на наводно национално определени луѓе. Јас, сега, во овој домен не можам да го сфатам господинот министер, едноставно ќе искажам некои негови лични особености во овој поглед зошто ги брка луѓето кои се национално определени, по нивните аршини, а истиот тој, во претходната Влада, првенствено тој гласаше против монетарно осамостојување на Република Македонија. Тоа го направија четири министри, од кои едниот ја претставува Република Македонија во ОН, и двајца се сеуште присутни.

Јас само и во другите лични особености би навлегол по однос на неговата политичка определеност. Во претходната Влада беше политични неопределен за во оваа да биде политички определен односно на паријата СДС. И, што го натерало овој господин да ја напушти универзитетската катедра и да се занимава со полициски работи? Тоа е прашање што треба да има одредена анализа, сметам- јас, затоа што се случува лица кои работат во Органот и затоа што рекле дека треба да се прави држава да ги напуштат работните места, а истиот тој ни ствара државата и ни ја прави.

Во однос на тоа дека МВР добро се поставува, јас само едно ќе прашам, колку извршители треба да брои СДБ? Има случаи, верувајте дека е тоа така што едноставно се примаат луѓе колку што нема едноставно и бироа во канцелариите. Ако има три бироа за работа таму седат 7 и 8. Сето тоа е систематизација и план. Меѓутоа кој план и зошто? Зошто не се праша колку тоа чини во Републичкиот буџет?

Останува исто така парадоксално некои постапки што ги прави во однос на незаконито поставување ознаки на регистарски таблички. Со кое овластување си го зеде тоа право пред Собранието да ги обележи регистарските таблички? И, икс други случаи.

Меѓутоа, како што почнав така и ќе завршам дека целокупното негово гледање, пред се, го гледам од политички аспект. Затоа се случува во република Македонија малку една парадоксална ситуација 26-27 пратеници припадници на СДС да ја имаат целокупната власт

Јас ќе почнам од мојата партија, ВМРО-ДПМНЕ што ја претставуваат преку 300 илјади луѓе на оваа држава. Вие едноставно си зедовте смелост и ги отишавте тие луѓе, згазивте на нив...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Партиите да ги оставиме, зборувајте за пратеничката група,

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Многу е битно затоа што господине претседателе целокупното негово делување е низ политички аспект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа имаа десетици илјади гласачи партии кои не влегоа овде па не можат да се пофалат, знаете. Тоа е.

Ова е само за пратеничките групи и за пратениците.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Дозволете малку да прифатиме вистина,ако сакате.

Не можете едноставно да не отпишете во тој поглед.

Х/4.-

Претседателот на Републиката во господинот Фрчковски гледа стручњак кој задоволил одредени барања за време на Уставот, во донесувањето на Уставот и сега тоа се искажува на најдобар практичен начин. Не треба повеќе, јас само по една реченица за партиите ќе кажам.

Не треба повеќе ПДП да ја докажува верноста кон СДС. Размислете каде е проблемот. И, последно, во однос на Либералната партија само сакам да кажам дека истата си го , јас се, цело време мислев дека се уништува партијата ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, бидејќи истата дозволи да се поистовети со С&С , не верувам дека најдобро ќе заврши на идните избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот содржан во интерпелацијата за утврдување на одговорноста за работата на министерот за внатрешни работи го ставам на гласање.

Господинот Халили бара збор.

(Реакции во салата).

Ве молам, да му дадеме збор. Уредно побара збор. Ова е процедурално, не е во претресот бидејќи претресот го заклучивме.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Да, процедурално.

Поради консултација барам 15 минути пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По барањето на пратеничката група, 15 минути пауза.

(Пауза Од 16,49 до 17,05).

X/5.-

Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

Информиран сум дека во салата се присутни 103 пратеници.

Продолжуваме со работа.

Со оглед на тоа што утврдувањето на одговорноста на член на Влада е основ за поднесување предлог за негово разрешување од страна на претседателот на Владата, за што Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, за одговорнсота на член на Владата Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Кој е за, молам да крене рака? (35 пратеници)
Дали е некој против? (26 пратеници)
Дали некој се воздржува од гласање? (34 пратеници)
Констатирам дека Собранието го донесе следниов заклучок:

1. Собранието, врз основа на расправата по интерпелација та за работата на министерот за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски оцени дека не постојат основи за утврдување на негова одговорност во врска со наводите во интерпелацијата.

2. Овој заклучок да се достави до претседателот на Владата на Република Македонија.

Со ова прекинуваме да работиме сега, а дополнително ќе го објавиме продолжението.

Седницата со работа прекина во 17,10 часот.